КIII 685

УНИВЕРЗИТЕТ СВ.„КИРИЛ И МЕТОДИЈ"

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

СКОПЈЕ

# ВЕНЕЦИЈАНСКО И ДУБРОВНИЧКО ТРГОВСКО ПРИСУТСТВО ВО МАКЕДОНИЈА ВО ТЕКОТ НА XIV ВЕК

-Магистерски труд-

Кандидат: Анита Зафировска

Ментор: проф. д-р Бобан Петровски

СКОПЈЕ, 2014

# ВОВЕД

Територија на Македонија била дел од Источно Римско Царство, но веќе од 40-тите години на XIVвек се нашла под власта на тогашната моќна српска држава, која во 1346 год. прераснала во царство.

Ако сето ова ние го перципираме низ една призма на историски случувања, секако не може да не ја спомeнеме присутноста и на другите држави како политички и економски сили присутни на денешна македонска територија.

Се работи конкретно за двете моќни републики на Јадранското Море: Венеција и Дубровник. Нивните амбициии биле и многу повеќе од големи, посебно кон Егејско Море и Левантот, трговијата, поморството, рударски центри, создавање на свои трговски колонии.

Слабеење на Византија конкретно им одговараше на овие јадрански републики, колку слабеела Византија, толку поголема доминација и моќ имала Венеција.

Во еден момент се појавила како спасителка на Византија, во следниот момент како нејзин непријател. Поради судирот на интереси ова поинтензивно се случувало по обновување на Византија во 1261 година и доаѓањето на династијата Палеолози.

За присутството на двете републики токму на овие простори сведочат многу извори, посебно материјалните остатоци од XIVвек, монетите, колониите, рударските центри и сл.

Спојот на византиската, српската, венецијанската и дубровничката култура и цивилизација бил пренесен токму тука во срцевината на Македонија. Впрочем, тука крстареле трговски, политички, социјални врски меѓу овие цивилизации.

Начинот на живеење, културата, традицијата, вредноста на обичаите, јазикот имале влијание на едни кон други.

Конкурентноста на политичка и економска сцена уште повеќе ги истакнувала амбициите на Венеција и Дубровник наспроти другите поморски сили, како што биле Пиза, Ценова и други.

Политичката ситуација на македонската територија во период од крајот на XIII век, почетокот на XIV век била доста отежната ако се земе предвид фактот дека таа пак станала дел од Византиско Царство по обновување на Византија од страна на Михаил VIII Палеолог.

Повторно биле воспоставени византиските правни норми, економија, политика и воена сила. Во времето на владеење на византискиот император Андроник II Палеолог (1282-1328) се случиле безброј политички превирања и нестабилна политичка клима ја потресувала Византија.

Секако, и покрај нестабилна политичка ситуација во Византија, Венеција не се откажала од своите намери и интереси повторно да се наметне и да си ги изгуби своите колонии на Балканот, посебно околу Егејско и Црно Море.

Венеција будно ги следела политичките и економските настани во Византија, притоа не дозволувајќи да се наштети на нејзини колонии и трговски центри кои ги поседувала.

Српскиот крал Милутин (1282-1321) успеал територијално да ја прошири српската држава, и тоа за сметка на македонска, т.е. византиска територија. Овие македонски територии кои се наоѓале во денешна северна Македонија кон крајот на XIII век, 1299 година, византискиот император му ги признал како мираз на српскиот крал Милутин и го оженил со својата ќерка Симонида.

Така Византија засекогаш ги загубила Скопје и остатокот од северните делови на македонската територија, Скопје станало една од престолнините на Српско кралство.

Во екот на граѓанската војна 1321-1328 година и војната околу престолот меѓу дедото и внукот, Андроник II од една страна и Андроник III (1328-1341) од друга страна, привлекувајќи ги своите соседи, вклучувајќи го и локалното население, на територија на Македонија се одвивале поголеми воени судири.

Граѓанската војна завршила во полза на внукот Андроник III Палеолог, кој ја сменил политиката кон српските владетели, посебно во времето на српскиот крал Душан (1331-1355), цар на Србија од 1346 година.

Поголем дел од македонска територија веќе бил припоен кон српската држава во време на српскиот крал Стефан III Дечански, а во времето на Душан веќе цела

денешна Македонија била во рамки на српското кралство, т.е. царство од 1346 година.

Македонија како составен дел од српската држава имала доста развиен стопански живот, трговија, благородници на нејзина територија, јазик, култура и Законикот на цар Душан стапил на сила од 1349 година.

Посебно големо значење имал фактот што Душан токму во Скопје се крунисал за цар во присутство на охридскиот архиепископ Никола.
Исто така, српската црква се издигнала во ранг на патријаршија. Царот Душан бил великодушен во доделување имоти и привилегии на Охридската архиепископија.

Токму овој успех на цар Душан му донело низа успеси во водењето на политиката и дипломатијата со западните европски држави, посебно Венецијанската Република.

Дури цар Душан размислувал да отпочне решавачка офанзива во освојување на Константинопол и во тоа да му помогне Венеција, но не нашол поддршка од нив. По неговата смрт 1355 година, син му Стефан Урош V (1355-1371) не можел да се справи со толкава држава и моќ, затоа тој слаб момент на политичка сцена бил искористен од локалните феудалци кои му биле соработници на цар Душан.

Во Македонија било создадено Прилепско Кралство на крал Волкашин, а исто така во источните делови на македонска територија владееле Драгашите.

Најкарактеристично е тоа што и крал Волкашин, неговиот син Марко и семејството на Драгаши соработувале со венецијански и посебно дубровнички трговци, кои имале свои колонии на македонска територија. Во времето на владеење на Драгашите во источна Македонија, биле присутни Дубровчаните за откуп на руди, рудни окна, жито и слично.

Овие благородници ковале и свои монети на македонска територија, посебно во Охрид каде постоела ковачница и секако тој нумизматички материјал ни дава доволен доказ на присутност на странските трговци во Македонија.

Доаѓањето на Османлиите на Балканот и нивното наметнување ги сменило политичките и економските услови како на македонска територија, така и на сите балкански подрачја каде била воспоставена нивната власт.

Начинот на кој до тогаш биле третирани венецијанските и дубровничките трговци бил сменет, се воспоставиле врски со земјите од Блискиот Исток и почнале да доаѓаат сè повеќе арапски трговци на Балканот.

Сепак, мостот на соработката и размената меѓу Истокот и Западот поминувал низ територија на Македонија преку дубровнички и венецијански трговски каравани. Нивната економска доминација била актуелна сè до моментот кога на политичка сцена веќе кон крајот на XIV век не се појавила една голема сила која ги преврела тековите на историските збиднувања – Османлиското Царство.

Глава I

# ПОЛИТИЧКИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ВЕНЕЦИЈАНСКО И ДУБРОВНИЧКО ПРИСУТСТВО:
# МАКЕДОНИЈА КОН КРАЈОТ НА XIII И ПОЧЕТОКОТ НА XIV ВЕК

Македонија во периодот на втората половина на XIII век била дел од византиска територија. По четвртиот крстоносен поход Византиска Империја била речиси уништена и освоена од крстоносците-1204 година.

Со освојувањето на Константинопол сѐ поставиле темелите на повеќе латински државички кои се основале за сметка на византиските територии.

Овие латински држави поради меѓусебните судири, војните околу територии, доминација на власт, експанзија со текот на времето се довеле до меѓусебно уништување и нестабилност.

Оваа нестабилна политика на латинските држави била искористена од Михаил VIII Палеолог, кој во 1261 година ја обновил Византија.

Периодот на латинското владеење оставил длабоки траги во организмот на некогашната византиска држава, рани кои обновата на државата не можела да ги излечи. Во византиски води господареле италијанските републики, нивните колонии биле расфрлани по целото царство, ним им припаѓале и поголем дел острови во од Средоземно Море. Грција исто така останала под латинска власт и епирскиот деспотат го избегнал обединувањето и упорно го задржувал непријателскиот став спрема Византиското Царство. Значителен дел од Балканскиот Полуостров во тој период, крај на XIII век, имале и Србите и Бугарите ширејќи се на сметка на Византија. Ниедна од овие држави не била во состојба да преземе поголема акција против Византија, но сите тие биле подготвени да му се придружат на секој византиски противник којшто би дошол од Запад.

Обновената Византиска Империја имала голем број на непријатели, посебно меѓу западноевропските држави и во секој момент можеле да очекуваат напад на некоја од нив.

Оваа опасност можела да се избегне само со вешта дипломатија и за среќа вештината во маневрирање околу дипломатијата ја имал византискиот император Михаил VIII Палеолог.

Обновеното Византиско Царство претставувало само бледа слика од некогашното моќно царство. Поголем дел од некогашните византиски територии останале надвор од границите на реставрираното царство, некои од нив биле засекогаш изгубени.

Покрај сите обиди на византискиот император Михаил VIII Палеолог (1259-1282) да ја врати на Византија некогашната супрематија на Балканот, загубена со освојувањата на крстоносците 1204 година, завршила без успех.

Реставрираното царство никогаш повеќе не го достигнало обемот на поранешните граници, не успеало ни долго да ги задржи новите територии, значително помали.

Во обновеното Византиско Царство, територија на Македонија набрзо станала погранична област кон српската држава на Немањиќите, кои тежнееле постојано да се шират кон југ да ги загрозуваат византиските територии.

Судирот меѓу двете држави започнал кон крајот на владеење на византискиот император Михаил VIII Палеолог, од една страна младата српска држава која имала експанзионистички претензии, од друга страна долговековната империја која постојано ги губела своите територии.

Српските феудалци биле животно заинтересирани за продолжување на освојувачката политика кон југ, започната уште во времето на кралот Урош I, бидејќи на тој начин се отварале безгранични можности за проширување на нивните поседи и за стекнување нови.

Нова етапа на српската експанзија кон југ започнала во времето на владеење на крал Стефан Урош II Милутин (1282-1321). За да ги исполни очекувањата на српското благородништво во државата, кои се залагале за поагресивна политика

кон Византија, набрзо по стапување на престол српскиот крал започнал офанзива кон југ во области на северна Македонија.[1]

Византија не била во можност поуспешно да се спротистави на српската експанзија во Македонија, па затоа била принудена на повлекување на нивната војска, а во тој период на византискиот престол бил поставен Андроник II Палеолог (1282-1328).

Зависно од тоа како се раздвижувала српската војска, така се потиснувала византиската власт од територија на Македонија.

Во првиот поход на српскиот крал Милутин во 1282 година, границата со Византија била поместена од Шар Планина и Скопска Црна Гора кон југ бидејќи српската војска ги освоила Скопје, двата Полога, Овче Поле, Злетово и Пијанец. Византија не била во можност да се спротистави на српската офанзива во Македонија.[2]

За овие настани во житието на кралот Стефан Урош II според свиток е забележано:

**„...И во тие намери никој не се најде да му се спротистави нему и ги зазема обата Полога со градовите, градот славен Скопје, по нив Овче Поле, Злетово и Пијанец. И сите овие ги освои и ги приложи кон државата своја...**"[3].

Византија не сакала да се помири со губење на територии во Македонија, па започнала обемни подготовки на византиската војска за поход кон Србија. Меѓутоа, во текот на подготовките ненадејно починал Михаил VIII Палеолог, па така нападот на Србија бил одложен. Новиот византиски император, кој веќе го споменав- Андроник II Палеолог, пролетта 1283 година испратил војска против Србите, која продрела до Липљан и Призрен, но не постигнала некој поголем успех и набргу морала да се повлече.

---

[1] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, ИНИ, Скопје, 1994 стр. 162

[2] D. M. Nicol, The Last Centuries of Byzantium, 1261-1453, Second Edition, Cambridge University Prees 1999 str.93 Види: И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, Том I, Анубис, София 1999 стр. 569

[3] сп. В. Мошин, Крал Милутин според неговата биографија од Данило II, неговото „ Житие по свиток" и неговата автобиографија. текстови. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том II, Скопје 1977 стр. 342

Кралот Милутин го искористил овој момент и уште есента истата година заедно со брат му Драгутин извршил нов напад на византиските владенија во Македонија. Српската војска продрела длабоко на македонска територија, притоа биле опустошени струмската и серската област, а српската војска за прв пат излегла на Егејско Море кај Христопол (почеток на 1284 година).

Драгутин со еден дел од српската војска се повлекол во Србија, а кралот Милутин се упатил во западна Македонија.

Две години подоцна во 1284 година кралот Милутин презел нов поход при што византиско-српската граница била поместена кон југ до границата со Пелагонија. При овој продор кон Македонија Србите покрај Кичево и Дебар ја освоиле и поречката област. По овој поход на кралот Милутин српската граница поминувала северно од линијата Струмица-Просек-Прилеп-Охрид-Кроја. Бидејќи Милутин не организирал нови походи кон југ до крајот на своето владеење, границата кон Византија останала главно стабилна.

За новите освојувања на кралот Милутин во грамотата, автобиографија на кралот Стефан Урош II е запишано:

„...**Ги земав со градовите и нивните области: земјата Дебарска, државата на земјата Кичевска и земјата Поречка и сите овие ги приложив кон моето кралство и нашето отечество**...".[4]

Византија не сакала да се помири со губењето на свои територии во Македонија. Под раководство на познатиот војсководец Михаил Глава, Византијците во 1297 година започнале голема противофанзива. Меѓутоа, успехот изостанал бидејќи Србите успеале да ги одбранат стекнатите позиции во Македонија. Откако сфатила дека загубените територии и градови не може да ги поврати, Византија започнала преговори за склучување мировен договор со Србите.

---

[4]Сп. В. Мошин, Крал Милутин според неговата биографија од Данило II, неговото „ Житие по свиток" и неговата автобиографија, текстови. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том II, Скопје 1977 стр.344

Кон крајот на XIII век Византија ја признала постоечката состојба и официјално се откажала од сите градови и територии што ги освоил кралот Милутин.

Овој договор бил специфичен, спроведен со „ долга“ церемонија, византискиот император ова морал да го направи со цел да го искористи династичкиот брак за да ја запре експанзијата на српската држава и загрозувањето на византиските територии.

Преговорите траеле подолго време, од византиска страна ги водел Теодор Метохит, еден од тогашните водечки интелектуалци во Византија.

Тој сам известува и дури пет пати одел во Србија. Најголема пречка претставувало противењето на српските феудалци кои се залагале за продолжување на војната.

Во 1299 година бил склучен брак помеѓу српскиот крал Милутин и византиска принцеза Симонида, ќерка на византискиот император Андроник II (која според известија на Григора имала 8 години), при што српскиот крал сосема легално во вид на мираз ги презел веќе освоените територии.[5]

При оваа церемонија на Византијците им била предадена тогашната жена на крал Милутин, бугарската принцеза Ана и заложниците како гаранција за склучен мир. Самата церемонија се случила на реката Вардар каде што од една страна била предадена Симонида (ќерка на византискиот император Андроник II Палеолог) со византиските заложници, а од друга страна кралицата Ана и српските заложници. Кралот Милутин ја пречекал „ **невестата не како невеста, туку како господарка, слегол од коњот и клекнал пред неа** “.[6]

Со склучување на династичкиот брак помеѓу Милутин и Симонида и потпишувањето на српско-византиски „ вечен мир “ завршила првата етапа од српските завладувања во Македонија. Во оваа етапа освоените македонски области Милутин ги добил како мираз. Тоа бил единствениот начин на кој Византија можела да го ублажи својот срам, воедно и да се надева на евентуалното враќање на „ подарените “ територии согласно византиското наследно право.

---

[5] D. M. Nicol, The Last Centuries, str. 120

[6] Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, II, Скопје 1977 стр. 286 Види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, Напредок, Тетово, 2009 стр. 29

Од друга страна, Милутин преку бракот со Симонида добил легално право на суверенитет на добиените македонски области.

Тоа значи дека Милутин успеал да ја легализира својата власт во освоените делови од Македонија според тогашното меѓународно правно гледиште.

Оваа легализација на српската власт во Македонија предизвикала широка акција за уредување на правна структура во освоените краеви, проследена со една постојана цел: проширување на српска држава кон Егејско Море и Константинопол.

Теодор Метохит оставил мошне детален извештај за овие негови патешествија:

**„... Пред нас одеа не малкумина одлични момци, свечено облечени, како што се сметаше да ни укажат чест...Тоа им покажуваше на жителите дека стигнал пратеник од најголемиот господар со важна задача, необична во споредба со поранешните.**

**Самиот крал беше многу накитен и облечен целиот во празнична облека, опсипана со драгоцени камења и бисери и злато колку што може да се носи. Целиот дом блескаше од мебел, украсен со свила и злато....**

**.......Соопштивме дека од страна на царот е завршено и со клетва потврдено сè што се однесува до бракот ...и додадов дека треба само уште кралот и кралицата мајка да дадат клетва, како и нивните роднини и најугледните луѓе на земјата, сите заедно заради сигурност; Ги спомнував условите за пограничните градови и места, оние за бројот на заложниците што треба да се предадат како гаранција за родството, едни од кои се утврдени порано, а други сега; а особено се истакнуваат оние што се однесуваат на онаа жена, знаеш која ( третата жена на Милутин, ќерката на Ѓорѓи Тертер, б.м. ), како што се определени и уредени...**

**Во определен ден ќе излезат од големиот град самиот цар и царицата придружени од престолонаследникот со жена му и другите две машки деца, почитувајќи го посватувањето на својот род и сите заедно ќе ја испратат царската невеста кај вас; и не ние многу време, туку скоро ќе стане тоа..."**[7]

Со склучување на мирот со Византиското Царство Милутин се ородил со царското семејство на Византија, кое претставувало голем подем во политичка сфера на српската држава. Заедно со политичка моќ на Србија, пораснал и угледот и авторитетот на крал Милутин не само во Србија туку и во околните земји, а тој не го криел тоа, туку и јавно го истакнувал.

За договорот со Андроник II и дадените земји во мираз на Симонида, кралот Милутин говори во аренгата на хрисовула за Хиландарскиот пирг Хрусија од околу 1303 година:

**„....и со поддршка на светиот господин Симеон и Сава ги заземев со меч Скопската област и Овчеполската и Полошката и Дебарската и други области и потоа станав зет на благоверниот и самодржавен грчки цар кир Андроник Палеолог и ми ја даде таа земја во прикија..".**[8]

Иако преку династички брак со Симонида ги средил односите со Византија, крал Милутин не се откажал од натамошна експанзионистичка политика и наметнување на српската власт кон јужните земји.

Новата етапа во историја на Македонија започнала со избувнување на граѓанската војна меѓу византискиот император Андроник II Палеолог и неговиот внук Андроник III Палеолог. Во почетокот на војната биле зафатени поголем дел од територии на царството и Андроник II имал поголема поддршка во однос на внук му. Со текот на времето младиот и амбициозен престолонаследник Андроник III ги придобил на своја страна младите благородници од царството, исто така и бугарскиот цар Михаил Шишман.

Главно во последната етапа од војната 1327-1328 година се случиле поголеми воени судири на македонската територија. За краток период младиот

---

[7] Сп. К. Илиевска, За Теодор Метохит и неговиот извештај од дипломатската мисија во Србија. Грчки текст според изд.на K.Sathas, со превод од П. Хр. Илиевски. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том II, Скопје 1977, 258 (259)-306(307) Види: Б. Петровски, Историја на Балканските земји во XIV - XV век, Скопје 2010 стр.57-59

[8] Сп. С. Новаковић, Законски споменици српских држава средњега века, Београд 1912 стр. 477

престолонаследник успеал под своја власт да ги стави Сер, Костур, Воден, Бер и Охрид, а исто така го освоил и Солун. Во врска со тоа Н. Григора вели:

**„ Императорот за кратко време ги обиколил сите тамошни македонски гратчиња, многу лесно и без труд ги покорил и заедно со нив ги заробил жените и децата...“**[9]

Со освојувањето на Солун ја загрозил политичка позиција на дедо му Андроник II. Ситуацијата во Македонија драстично се променила. Со доаѓањето на младиот цар Андроник III Палеолог (1328-1341) српското благородништво го убедувало кралот Стефан III Дечански да изврши напад врз византискиот цар.

Но Стефан Дечански отворено го одбил предлогот на своите соработници почитувајќи го нивниот став, како и мислењето на Хреља, еден од поблиските соработници-феудалци на српскиот кралски двор, кој лично ги увидел квалитетите на војската на Андроник III и нивната спремност. Хреља го советувал српскиот крал Дечански дека е подобро да го сочува мирот...

**„ Тој велеше дека го видел императорот во Сер со мала војска, но така извежбана во воени работи и многу добро екипирана со коњи и оружје, што и од прв поглед внесува страв.**“[10]

Така што српскиот крал Стефан Дечански не сакал без посебна причина и немајќи повод да се впушти во војна со младиот византиски цар, така што и покрај притисокот што го имал од страна на приврзаници на византискиот цар Андроник II, српскиот крал одговорил дека:

**„ ниту сега, ниту потоа по сопствен начин нема да војува со императорот ако самиот тој не нападне.“**[11]

Откако власта ја презел младиот цар Андроник III Палеолог, дошло до сериозно поларизирање на односите со српската држава која во граѓанската војна ги штитела интересите на Андроник II. Моќта на српската држава и на политичко и на економско ниво не одговарала ниту на Византија ниту на Бугарија, затоа се склучил сојуз меѓу овие држави за да се потисне моќта на српската држава.

---

[9] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 163
[10] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 41
[11] Ibid, str. 42

До заострување на српско-бугарските односи дошло во тој период, судир на интереси, зони на влијанија, доминација на Балканот. Меѓу останатите причини, што веќе ги наведов, како и дејствување на бугарската војска на страна на младиот византиски цар Андроник III, една од поглавни причини била протерување на сестрата на Стефан Дечански, Ана, од страна на бугарски цар Михаил Шишман. Непријателствата меѓу Србија и Бугарија отворено започнале уште во почеток на 1330 година, и тоа најпрво на економско поле.

Имено, Србија во пролетта 1330 година издала еден акт на Венеција за слободна трговија во Србија. Во тој акт било дозволено транзит на венецијанска стока преку Србија за сите земји, единствено се забранувал транзит за Бугарија.

Погоден од оваа ситуација бугарскиот владетел се состанал уште двапати со византиски цар Андроник III и решиле во летото 1330 година да ја нападнат Србија. За таа цел тие подготвиле воен план според кој српската држава требало да се нападне од две страни: бугарска војска да нападне од север, византиска војска од југ, така што истакнува Н. Грегора:

„ **Кралот нема да биде кадар да се бори на две страни и ќе биде ослабен со загубата на голема земја на двете страни.**“[12]

По неуспешните преговори Србија одлучила првин да нападне на Бугарија, чии војски се улогориле по долината на реката Струма во Македонија.

Во последните денови на јули 1330 година на изворите на река Струма, северно од Велбужд, стоеле улогорени српската и бугарската војска подготвени со оружје да го решат прашањето за превласт на Србија или Бугарија на Балканскиот Полуостров.

На 28 јули 1330 година на граница помеѓу Пијанец, Ќустендилско Поле и област Каменица се одиграла позната Велбуждска битка. Во битката била разбиена бугарската војска, а Михаил бил убиен.[13]

Резултатот од српско-бугарскиот судир кај Велбужд бил неповолен за византискиот цар. Откако бил известен за катастрофалниот пораз на Бугарите,

---

[12] Византијски извори за историју народа Југославије, Т. VI, Београд 1986 стр. 207-208 Види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 44

[13] И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, Том I, Анубис, София 1999 стр. 571

Андроник III го напуштил логорот во Пелагонија и се повлекол кон Константинопол. Предходно поставил гарнизони во новоосвоени тврдини и се погрижил за одбраната на другите погранични градови. Повлекување на византискиот цар Стефан Дечански го искористил за освојување на некои византиски погранични утврдувања, исто така и за враќање на некои територии кои Византијците ги освоиле пред битката кај Велбужд.

Глава II

# ПОЛИТИЧКО ПРИСУТСТВО НА ВЕНЕЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВИДЕНО НИЗ ПРИЗМАТА НА ВЕНЕЦИЈАНСКО-ВИЗАНТИСКИТЕ И ВЕНЕЦИЈАНСКО-СРПСКИТЕ ОДНОСИ

Венеција била држава, република која според историските податоци настанала околу IX век и постоела како таква до XVIII век. Настанала благодарение на варварските напади во Италија кои почнале IV-V век, населението од Падова, Аквилеја, Конкордија и други места, па дури и од Византија нашле засолниште и спас на територија на Венеција.[14]

Во VII-VIII век се забележани првите трговски врски со Константинопол и воопшто со Левантот. Венецијанските трговци ги имале сите привилегии и слободи, пренесувале секаква стока од зачини, мириси, слонова коска, ткаенини, кожа, восок, мед и многу други суровини и производи.

Создале повеќе трговски центри, создавале монополи на разни производи низ византиска територија, како и Левантот.[15]

Заштитник на Венецијанската Република бил Св. Марко, чии реликвии Венецијанците ги земале од Александрија.

Власта во републиката ја имал дуждот, постоело и Голем совет со 480 члена-аристократи, Мал совет-6 члена, Куарантие-судство, Совет на десетмина било политичко тело кое работело во тајност, а во текот на XV век се основал и Врховен суд со тројца инквизитори.

Постоело тело-Сигнориу во кое влегувале дуждот, Мал совет и тројца челници од Куарантие.[16]

---

[14] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, Просвета, Беодград 1986 стр. 12-13

[15] Ibid, str. 16

[16] L. Kunčević, Dubrovačka slika Venecije i Venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom veku, Anali Dubrovnik 50 (2012) : str. 9-37 Vidi: L. Kunčević, O dubrovačkoj libertas u kasnom sredjem vijeku, Anali Dubrovnik 46 (2008) : str. 9-64

Најголем подем Венеција го доживеала во времето на дуждот Енрико Дандоло (1197-1205), кој ги придобил крстоносците кои биле подготвени за освојување на источни земји и при овој поход да ја потчинил Византија. Во унија со папата Инокентије III, Венеција се гледала како идна господарка на Истокот.[17]

Откако ги придобила крстоносците, тие за Венеција го нападнале и освоиле Задар во 1202 година. По овој успех, Венеција ги препуштила крстоносците кон Византија во 1204 година, тие го освоиле Константинопол и со овој потег Венеција станала една од владеачките структури на темелите на некогашната Источна Римска Империја.[18]

Во тој период станале соседи со младата српска држава која се наоѓала во политички подем во време на Стефан Првовенчани. За да се воспостави миролјубива политика меѓу соседите, се склучил династичкиот брак меѓу Стефан Првовенчани и внуката на венецијанскиот дужд , Ана.[19]

Венеција со четвртиот крстоносен поход 1202-1204 година под своја власт ги имала Корона и Модона на Пелопонез, јонските острови, Крит, архипелагот кај Евбеја, Андрос, Наксос, пристаништа на Хелеспонт, Мраморно Море-Галиполе, Радосто, Хераклеја, Едрене, како и 3/8 од територија на градот Константинопол.[20] Во текот на 1205 година ги освоила Драч и Дубровник, а со тоа владеела на Јадранско, Јонско, Егејско, Мраморно Море сè до источните брегови на Медитеранот.[21]

Тој политички и економски успех траел од 1204-1261 година, кога Византија се обновила и латинските државички изгубиле секаква позиција на Истокот, се повлекле кон Запад и на територија на денешна Грција. По обнова на Византија привилегиите и слободата кои ги имала Венеција се намалувале сè повеќе и повеќе. Од тој момент Венеција ги користи сите можни адути, прилики и ситуации на

---

[17] Г. Острогорски, Историја на Византија, Скопје 1992 стр. 473-476
[18] В. Ћоровић, Историја Срба, Београд 2010 стр. 323 Види: К. Јиречек, Историја Срба I, Београд 1952 стр. 163-165
[19] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 510-511 Види: Историја српског народа I, Београд 1981 стр. 299, 305-306
[20] G. Luzzato, Ekonomska povijest Italije, Zagreb 1960 str. 190
[21] Б. Крекић, Млеци и унутрашњост Балкана у четрнаестом веку, Зборник РВИ 21, 1982 стр. 143

Балканот за да ја поврати некогашната слава. Во натамошното излагање за венецијанско-византиски односи, се мисли и на територија на Македонија како дел од Византија во XIV век.

На византискиот император во тој период почнуваат да му се приближуваат другите поморски сили, пред сè Ценова која ја гледала својата можност да се наметне на Истокот и воопшто да загосподари со територии на Левантот.[22]

Тоа претежно се случувало во периодот на XIV век во кој дошло до повеќе отворени судири и војни меѓу Венеција и Ценова. Сето тоа одело на штета на Византија која, сакала или не, големите поморски сили сами ја вплеткувале во воените конфликти ветувајќи и територијални проширувања, воена заштита, финансиски средства и сл. Конкретно зборуваме за интересот на поморските сили Ценова и Венеција, византискиот император секако ја придобил Ценова на своја страна со тоа што и ги укинал царините и им дал големи привилегии.[23]

За да ги придобие на своја страна западните сили и со тоа да ги смири политичките и економските апетити на истите, Михаил VIII ја склучил унијата со папата Григориј X на соборот во Лион на 06.06.1274 година.[24]
На соборот во Лион византиските пратеници се одрекле од шизмата. Михаил VIII на овој собор го покренал прашањето за уништување на словенските цркви во Трново и Пеќ. За таа цел тој со хрисовул од 1272г. настојувал да ја воспостави Охридската Архиепископија во граници кои ги имала во XI век. На Лионскиот собор било извршено обединување на двете цркви, под врховенство на папата.

Со оваа унија на некој начин Михаил VIII ги заштитил интересите на Византија и амбицијата на Карло Анжујски (француска династија-владеел со Неапол и Сицилија) и неговата коалиција, во која била и Венеција, да ги реставрира некогашните латински држави.[25] Венеција по овој настан требала да се откаже од намерата за напад на Византија со Анжујски.

На 03.07.1281 година во Орвието се склучил договор во кој влегла Венеција, латинскиот цар Филип, син на Балдуин II, а кон оваа коалиција се приклучиле

[22] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 517
[23] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 555 Види: G. Ortalli, Mletci i Konstantinopol: latinski bizantinizam, Anali Dubrovnik 42 (2004) : str. 9-20
[24] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 556
[25] Ibid, str. 554-555

српскиот крал Милутин (1282-1321), кој го освоил Скопје 1282 година од Византија и бугарскиот владетел Георгиј I Тертериј.[26] Коалицијата требала да ги реализира своите планови во 1282г. Но не постигнала успех, непредвидени настани им ги пореметиле плановите на сојузниците, Венеција и овој пат останала безпомошна.

Михаил VIII од оваа катасрофа се спасил со помош на арагонскиот крал Петар III, како и епизодата со Сицилијанска вечерна на 31.03.1282 година, моќта на Анжујски згаснала како и моќта на самата коалиција.[27]

Михаил VIII Палеолог бил наследен од син му Андроник II Палеолог (1282-1328) кој почнал да ја чуствува експанзионистичката политика како на балканските држави, така и на западните сили. Крајот на XIII и почеток на XIV век всушност е премин на еден пресврт во историски текови, обнова на Византија, загубата на латинските држави на источните територии, но сепак судири околу заеднички интереси постоеле.

Од настаните од ценовско-венецијанска војна Византија не можела да биде неутрална. Михаил VIII се трудел да не дозволи ниту Ценова ниту Венеција да имаат преголемо влијание во политика и економија во Византија, но Андроник II едноставно и безусловно се потпрел на Ценова.

Направил голема грешка во тој момент со оглед на ситуацијата, Венеција господарела со јужниот дел на Егејско Море, додека пак Ценова имала позиции во северното крајбрежје на Егејско Море, во Мраморно и Црно Море и со тоа таа имала контрола врз патот од Средоземно Море кон Црно Море.[28]

Во 1294 година дошло до војна меѓу Венеција и Ценова и во истата била вовлечена и Византија. Бидејќи царот им помогнал на Ценовјаните, кои ги прибрал зад константинополски бедеми и ги заштитил, Венецијанците тогаш удриле на населението кое живеело во околината на Константинопол, а пак Византија

---

[26] Ibid, str. 561

[27] Ibid, str. 593

[28] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 594 Види: L. Kunčević, Dubrovačka slika Venecije i Venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom veku, Anali Dubrovnik 50 (2012) : str. 9-37

почнала да го загрозува животот на венецијанското население во Константинопол.[29]

Всушност, ова се претворило во војна меѓу Венеција и Византија бидејќи Ценова во 1299 година склучила „ вечен мир “ со Венеција.[30]
Војната завршила со победа на Венеција, 1302 година, со која Венеција си ги потврдила старите привилегии и им биле дадени нови колонии во Егејско Море.

Во историските извори се споменува за договорот меѓу Андроник II и Венеција, а во 1324 година тоа е периодот на граѓанската војна меѓу Андроник II и неговиот внук Андроник III. Сепак, негодувањата меѓу Византија и Венеција биле надминати со фактот дека имале заеднички непријатели и опасности од една страна од Османлиите, од друга страна моќта на Ценова и економската зависност на Византија од истата.

Веќе во времето на Андроник III (1328-1341) повеќе било актуелно територијалното проширување на српската држава, посебно по граѓанската војна (1321-1328) во Византија и победа на Андроник III.

Во текот на самата војна цела византиска Македонија ( Сер, Воден, Костур, Бер и Охрид) се потчинила на младиот цар Андроник III .

Што се однесува до политичката ситуација со Венеција, немало поголеми промени во односите со Византија, конкретно со царот Андроник III.

Пред самиот преврат во Византија во 1328 година се случил еден судир меѓу Ценова и Венеција, односно биле нападнати венецијанските бродови во Егејско Море.[31]

Како одговор на оваа ситуација Венеција ги блокирала три недели константинополските пристаништа и довозот на жито од црноморските пристаништа за престолнината. Андроник II се обидел да се договори со Венеција и да се повика на договор склучен 1324 година, но не успеал.[32]

Ситуацијата на блокада ја искористил Андроник III, влегол во Константинопол и ја презел власта во свои раце. Формирањето на Антитурска лига

---

[29] Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 594
[30] Ibid, str. 606
[31] Ibid, str. 607
[32] Р. РадиЋ, Време Јована V Палеолога (1332-1391), Београд 1993 стр. 63

во 1332 година бил уште еден факт кој укажувал на привремена дипломатска политика меѓу Венеција и Византија.[33]

Всушност, Венеција заедно со витезите од Родос му понудила на византискиот цар Андроник III формирање на лигата, сојуз против емиратствата на малоазиско крајбрежје и по долго размислување Андроник III прифатил. На 4 јули 1332 година се склучил прелиминарен договор, а во ноември истата година бил ратификуван.[34]

Почетокот на дејствување на христијанска алијанса се бележи во 1334 година, па бродови на папата Јован XXII, на Венеција, на витезите од Родос и на кипарскиот крал Хуго IV биле упатени кон малоазиско крајбрежје.
Андроник III не пуштил свои бродови затоа што алијансата не ги пратила кон султанот Орхан да дејствуваат, од каде што претела најголема опасност за Византија, туку кон емиратствата.

Сета оваа заложба на западните сили не променила ништо значајно, по смртта на папата и почетокот на Стогодишната војна ја ставиле во сенка политичката ситуација на Истокот.

По смртта на византискиот цар Андроник III, 15 јуни 1341 година, следувала нова етапа во политичката сфера во Византија, нови потешкотии кои предизвикале раздор во државниот и дипломатскиот врв. Сето тоа се одразило и врз политика со балканските, но и со италијанските држави, кои секако ги штителе своите интереси. На престол требало да биде поставен наследник на Андроник III, син му Јован V Палеолог, кој бил малолетен и регенството требало да управува наместо него со Византија, но бидејќи не оставил зад себе некој документ со кој би го одредил регентот на својот син, дошло до граѓанска војна во Византија која траела од 1341-1347 година.[35]

Судир на интереси и доаѓањето на престол сепак била голема чест и важност, се формирале два табора: на една страна Јован Кантакузин, а на друга жената на

[33] Ibid, str. 67
[34] Ibid, str. 61
[35] Ibid, str. 142

Андроник III, Ана Савојска (принцеза од Савоја), патријархот Јован Калекас, блискиот соработник на Андроник III, Алексиј Апокавк.[36]

Оваа војна ја турнала уште повеќе во безизлезна бездна и така веќе ослабената византиска држава. Ваквата ситуација ги привлекла амбициите и интересите на балканските, но и западните држави, нормално, поставувајќи се себеси како штитеник на една или друга страна.

Во оваа граѓанска војна голема улога и значење имало политичкото држање на Венеција и Србија, која во тоа време била управувана од кралот Стефан Душан. Зборуваме за период на сојуз меѓу Јован Кантакузин и Душан, но дошло до судир на интереси и експанзионистичките претензии. Во 1342-1343 година се распаднал сојузот и Душан се приклонил кон Цариград-легитимниот цар Јован V.[37]

Во сета оваа политика своја вмешаност имала Венеција која испратила свој делегат, Марино Ванијер, да го одврати српскиот крал од сојузот со Јован Кантакузин, да се откаже од напади кон византиските територии, да се приклучи кон коалицијата на малолетниот цар.

Овој договор бил базиран на предходна коресподенција која ја испратила Ана Савојска, една од регентите на својот син, со потекло од Савоја, која се обратила за помош до Венеција, а меѓу останатото ја побарала и оваа услуга која и била исполнета. Самиот одговор на Венеција се бележи на 12.05.1343 година.[38]

Пред овој настан секако имало и една друга ситуација која Ана Савојска ја одиграла, барала кредит од Венеција, а посредник бил Пјетро Канале. Со одлука од Сенатот на 5 април 1343 година Венеција и доделила кредит од 30000 златни дукати, со обврска за враќање во рок од три години и камата од 5%. Во тоа време еден венецијански дукат вредел два византиски перпери.[39]

Венецијанскиот баило во Константинопол, Џовани Градениго, во писмо до дуждот од 13 јуни 1343 година го известил за тешкотиите во кои се наоѓала Византија, дека тешко ќе го отплаќаат долгот. Сепак, договорот бил ратификуван затоа што Ана Савојска презела очајнички потег: го заложила царскиот накит кој

---

[36] Ibid, str. 143 Види: Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 616

[37] Р. Радић, Време Јована V Палеолога (1332-1391), стр. 206 Види: Историја српског народа, I, Београд 1981 стр.519

[38] Р. Радић, Време Јована V Палеолога (1332-1391), стр. 207

[39] Ibid, str. 207 Види: D. M. Nicol, The Last Centuries, str. 204-205

останал во ризницата на св.Марко бидејќи до пропаста во XV век Византија немала сили за откуп на накитот, т.е. да го врати долгот на Венеција.[40]

Во 1342 година откако бил избран нов папа, Климент VI (1342-1352), дошло до ангажирање на Венеција за организирање на крстоносен поход. Овие преговори довеле до организирање на походот, собирање на потребни средства, луѓе, бродови.[41]

Есента 1343 година дошло до напад на емирот Умур, на малоазиска Смирна. Во здружената коалиција учествувала Венеција, родовските витези, кипарскиот крал Хуго IV, која во октомври 1344 година ја освоила Смирна, која пак до 1402 година била во раце на западните сили. Оваа експедиција имала позитивен ефект за Балканот, но не придонела некои позначајни промени.

Западните сили со новоформирано царство имале уште еден конкурент за целосно уништување на Византија. Во периодот од 1347-1354 година се бележи време на завршување на војната, владеење на двата цара, Јован VI Кантакузин и Јован V Палеолог. Во меѓувреме низ Европа пустошела црната смрт, кугата, која се раширила од Азија, преку црноморското крајбрежје, Византија, преку Медитеранот, низ европска територија. Ова го споменуваме како податок кој значел стагнација во трговија, политика и воопшто прогрес на човештвото, односно кугата предизвикала зголемен морталитет.[42]

Во 50-тите години на XIV век повторно избило судир меѓу италијанските републики. Војната се случила од август 1350 до 1355 година, меѓу Венеција и Џенова. Византија пак не сакајќи да се меша меѓу овие нивни политики, морала на крај да застане на страна на Венеција.[43]

Исходот од војната бил со поголеми успеси за Венеција, главните битки биле водени во Медитеранот, а војната завршила во 1355 година.

Што се однесува до опасности кои им се заканувале на западните сили, било ширењето на Османлиите кон Мала Азија, Галиполе, тврдина Цимпе. Освојувањата се одвивале 1352 -1354 година. Во ова раздобје се случила и абдикацијата на Јован

---

[40] Р. Радић, Време Јована V Палеолога (1332-1391), стр. 143
[41] Ibid, str. 148
[42] Р. Радић, Време Јована V Палеолога, стр. 177
[43] Ibid, str. 207

VI Кантакузин, била во тек и војната меѓу Венеција и Ценова, за која споменав предходно. Тешка ситуација го очекувала Јован V, со оглед на фактот дека тој самостојно ја презел власта. Во тоа време Византија се извлекла од ценовјанско-венецијанскиот судир и морала да и направи поголеми отстапки на Ценова поради сојузот на Венеција.

Дури Венецијанците во времето на дуждот Марино Фалијери (1354-1355) дале предлог за крај на византиска агонија, Византија да се приклучи кон Венеција и со тоа би се ставил крај на преговори за унија со папа, би се организирал поголем поход против Османлиите и така би се спасила од пропаст.

Во 60-тите години на XIV век имало обиди за формирање на уште една христијанска алијанса против неверниците под иницијатива на Венеција која сакала да ја вклучи и Византија, но предлогот не бил прифатен од царот Јован V, и покрај тоа што Венеција им понудила и 20000 златни дукати. Целта на Венеција била приграбувањето на островот Тенедос, стратешка позиција на мореузите.[44]

Во меѓувреме избила побуната на островот Крит против венецијанска власт и таа се откажала од натамошно инсистирање.

Покрај овој неуспешен обид од Венеција за реализирање на крстоносен поход, Јован V се упатил на Запад кај унгарскиот крал Лудовик I и барал помош за борба против Османлиите.[45]

Ова заминување на Јован V повеќе му донело штета отколку вистинска помош, но сепак се надевал на поддршка од западниот свет повеќе отколку од балканските народи, кои исто така се наоѓале во опасност како и Византија.

Зачувано е писмото- одговор на унгарскиот крал Лудовик I, кое му го пратила Венеција како одговор за подготовки за еден организиран крстоносен поход-март 1366 година.[46]

Ама, сепак, и покрај големите напори на Византија, западните сили гледале само да ја склучат унијата, да ги претопат неверните Ромеи.

Враќајќи се назад кон престолнината византискиот цар бил заробен кај Видин, сето тоа било стапица на син му Андроник IV, но во меѓувреме на своја рака „ зелениот

[44] Б. Крекић, Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), Зборник РВИ 5, 1958 стр. 22-23
[45] Р. Радић, Време Јована V Палеолога , стр. 257
[46] Ibid, str. 277

гроф “ го спасил својот роднина и притоа го освоил Галиполе, 1366 година, а станува збор за Амадео VI Савојски, владетел на Савоја.[47]

Византискиот цар дошол во престолнината 1367 година, предходно западна експедиција од бугарскиот владетел Јован Александар ги освоила Анхијал, Месемврија, Созопол и други приморски градови на црноморско крајбрежје. Во оваа експедиција учествувале бродови на Савоја, Франција, Венеција и Ценова, како и на Византија.[48]

Политичката ситуација во Византија била толку тешка што во 1369 година византискиот цар заминал во Рим кај папата Урбан V. По смртта на мајка му Ана Савојска, доаѓањето на Османлиите во Едрене и внатрешните проблеми во државата, немал друг избор, па морал да побара помош од западните држави.[49]
Папата немал некој поголем успех да ги обедини европските сили во еден поголем поход во тој период и во западна Европа, расцепкана и разединета. Не постоела можност за сплотување на христијанската лига за војна на истокот, но сепак тој упатил писма до неколку западни држави за помош на Византија. Јован V преминал во римокатоличка вера, а околу 1370 година заминал во Венеција да се спогоди за долгот и помошта за Византија.

Во Венеција бил срдечно пречекан, удостоен со сите почести, Венецијанците имале едно барање: да го стават под своја власт островот Тенедос. При тоа би им го вратиле царскиот накит на Византија, заложен од времето на Ана Савојска, 25000 златни дукати, шест неподготвени бродови.[50]

Сите преговори се одвивале без проблем, но синот на Јован V, Андроник IV, за да ја преземе власта во свои раце додека татко му не бил во државата, тој не го испочитувал договорот и се приклонил кон Ценова. На ваков став Венеција одговорила со „ затвор “ на византискиот цар барајќи си го предходниот долг. Царот бил спасен по интервенција на неговиот син Мануил Палеолог.[51]

Во 70-тите години на XIV век клучна улога на политичката сцена во Византија ја играле Османлиите на кои Јован V им станал вазал. Ценова и Венеција

---

[47] Ibid, str. 314
[48] Р. Радић, Време Јована V Палеолога, стр. 315
[49] Ibid, str. 309
[50] Ibid, str. 350
[51] Ibid, str. 351

ги користеле внатрешните неприлики во царството за да ги исполнат своите територијални амбиции. Венеција сепак во овој период го користела Тенедос како своја база, но непрестано го барала и долгот од Византија, знаејќи дека нема шанси да го врати истиот.[52]

Во овој период кога ниту на Балканот ниту на преостанатата византиска територија не било спокојно и мирно за живот, се случиле и редица други трагични настани кои уште повеќе ја туркале Византија во бездна, со тоа и останатите балкански народи. Сите овие неприлики ги користеле надворешните „пријатели" на Византија и си ги исполнувале своите амбиции. Секако, во прв ред се вбројуваат италијанските републики, како и Османлиите кои почнале подлабоко да навлегуваат на балканска територија. Еден настан го бележи и заточеништвото на византиски цар Јован V и неговите синови Мануил и Теодор од страна на син му Андроник IV, кој бил совладетел на татка си. Тој ја искористил неповолната ситуација во државата и го презел престолот, со поддршка на Османлиите и Ценова.

Ова заточеништво траело од 1376-1379 година, но исто така ја предизвикало и војната меѓу италијанските републики 1377-1381 година. Причината била доделувањето на остров Тенедос на Ценова од страна на Андроник IV, кој во тој момент ги имал како свои сојузници и со нивна помош дошол на престол. Од друга страна била Венеција која се обидувала да го ослободи Јован V, кој им го ветил островот уште при негова посета во Венеција-1370 година.[53]

Византија во оваа војна останала набљудувач, но, сепак, воените дејствија се одвивале главно околу мореузите, источен брег на Медитеранот и Византија вршела репресалии врз венецијанското население во Константинопол. Баило и неговите соработници биле ставени во затвор. Ова уште повеќе ја разлутило Венеција и односите сè повеќе и повеќе се влошувале, посебно и за населението на

[52] Р. Радић, Време Јована V Палеолога, стр. 352 Види: Б. Крекић, Дубровник и рат окоТенедоса (1378-1381), Зборник РВИ 5, 1958 стр. 22-23
[53] Р. Радић, Време Јована V Палеолога , стр. 387

Тенедос, кое не ги прифаќало Ценовјаните, за нив легитимен владетел бил само Јован V.[54]

Со помош на Османлиите, султанот Мурат I (1362-1389) и Венеција, во јули 1379 година Јован V пак го презел престолот. Мирот склучен во Торино, август 1381 година, ги смирил двете италијански републики, со посредник Амадео Савојски. Било договорено ниту Венеција ниту Ценова да не го користат островот, населението да се исели, сите утврдувања да се урнат, сето тоа да биде под контрола на луѓето од Савоја.

Венеција не се помирила со овој факт, но сепак се држела до одлуките на договорот, а византискиот цар немал никакво влијание околу овие случувања.

По смртта на Јован V, на 15 февруари 1391 година, Мануил, неговиот син-совладетел, го презел престолот, односно она што останало од власта, по бунтувањето и на внукот на Јован V, син на Андроник IV, Јован VII.[55]

Тој успеал накратко да ја преземе власта од својот дедо, но по неговата смрт како легитимен наследник владеел Мануил (1391-1425).

Ова беа поважните владетели на Византија во XIV век кои владееле со македонската територија која се наоѓала во тоа време под византиска власт. Но, сепак, со текот на времето јакнела српската држава која полека, полека го освоила поголемиот дел од македонската територија, посебно во времето на цар Стефан Душан. Српско-венецијански политички односи од XIV век, влијаеле директно и на македонска територија која била во рамки на српската држава.

Времето на крал Милутин (1282-1321), кој почнал со освојувања на македонската територија и поместување на границата северно од Охрид-Прилеп-Штип, ги освоил двата Полога, Скопје, Злетово, Овче Поле, Пијанец.[56]

Најпрвин да спомeнеме за договорот со Карло Анжујски. Во 1282 година српскиот крал Милутин го освоил Скопје, кое веќе никогаш повторно не се нашло под византиска власт. Карло Анжуски, предходно споменав, во Орвието на 3 јули 1281 година склучил сојуз со Филип (син на Балдуин II) и Венеција за преземање

---

[54] Р. Радић, Време Јована V Палеолога , стр. 391 Види: Б. Крекић, Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), Зборник РВИ 5, 1958 стр. 22-23

[55] Р. Радић, Време Јована V Палеолога , стр. 447

[56] Историја српског народа, I, Београд 1981 стр. 439 Види: К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 162

на узурпирана Римска Империја од Палеолозите и обнова на латинските држави. Коалицијата не постигнала никаков резултат, ниту со придобивање на балканските владетели.[57]

Односите со Венеција не биле на завидно ниво, посебно по забрана на српските монети во Венеција. Мотивите за оваа блокада не се познати, но сепак владеела напнатост и несигурност и венецијанските трговци во Србија биле често напаѓани и пљакосувани, поради што претрпувале многу штета.[58]

Ама во случај на заеднички интереси, имало ситуации во кои српскиот крал бил во соработка со западните сили, посебно Венеција. Честите судири меѓу српската држава и Дубровник кој во период 1205-1358 бил под венецијанска власт, предизвикувала уште поголеми несогласувања меѓу Венеција и српскиот крал Милутин. Таков воен судир се забележува 1301-1302 година, мирот бил склучен под медијаторство на венецијански пратеник Јакопо Зено, а имало воен судир и во 1317 година, на кој посредници биле Андрија Дандоло и Петар Поланиј.[59]
Во 1306 година склучил договор со Венеција, а во 1308 година кон овој договор се приклучил и српскиот крал Милутин.[60]

Кон оваа коалиција се приклучила Венеција, како што споменав, Филип Таренски, и папа Климент V. Воедно и нестабилна внатрешна политика на Србија, го оретнирале верското прибежиште кон западните сили, Римокатоличката црква. Во март 1308 година кралот Милутин испратил двајца пратеници: Марко Лукари од Дубровник и Трифун Михаиловиќ од Котор во Франција, кои го потпишале договорот со Карло Валоа за поделбата на Македонија.[61] Кралот Милутин имал доверба во дубровничките благородници, во нивната умешна дипломатија, угледот и авторитетот кој го поседувале.
Погоден момент за реализација на неговите амбиции бил моментот кој го организирал против Византија титуларниот цар на Латинско Царство, Карло од Валоа, брат на француски крал Филип IV.

---

[57] Ibid, str. 163
[58] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 27
[59] Ibid, str. 37
[60] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 163
[61] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 38 Види: J. Restii, Chronica Regusina …item Joannis Gundule, ed. S. Nodilo, Zagreb 1893 стр.103

Тој како сопруг на Катерина Куртене, наследничка на титулата на латинските цареви, настојувал да го заземе местото на византиската фамилија Палеолози во Константинопол, а со тоа да загосподари со Византиското Царство.

Српскиот крал му ветил на Карло од Валоа помош во освојување на Константинопол. За возврат Карло му ги „ подарил " на српскиот крал порано освоените територии во Македонија. Покрај тоа се преговарало и за склучување брак помеѓу ќерката на крал Милутин и синот на Карло од Валоа.[62]

Со посебен акт крал Милутин го потврдил склучениот договор, придодавајќи го притоа и градот Штип кон територии кои се под негова власт. Сите овие настани детално се опишани во Договорот меѓу двајца владетели, како и Видимацијата на Филип IV Убавиот.

„ Договорот за сојуз и пријателство направен меѓу господинот Карло Валоа император Константинополски и кралот Урош:

**...Исто така договорено е дека...на истиот крал му ветивме и ветуваме да му ги подариме земјите што се наведени и именувани подолу заедно со тврдините што се наоѓаат внатре во нивните меѓи, а за кои двајцата речени пратеници потврдуваат дека се во нивно притежавање и принадлежност на реченото царство, а дека нивниот горbabречен господар мирно ги држи и притежава...**

**Исто така речените пратеници и прокуратори од страна на речениот крал, имајќи за тоа посебен налог, ни изјавија нам горереченииот император дека речениот крал својата ќерка единица со име Царица (ориг. nimine Zarizam), која ја роди со Елисавета, своја законита сопруга, ќе ја даде за законита жена на нашиот син Карло....**

**...А ова се имињата на земјите за кои горе споменавме: земјата од меѓата на тврдината наречена Прилеп до меѓата на тврдината наречена Просек и земјата Овче Поле до меѓите на тврдината наречена Штип и земјата Дебар до реката наречена Маат и земјата Кичане до меѓата Хогерија од тие земји предели што се протегаат непрекинато до кралството Славонија...**

---

[62]Б. Петровски, Историја на Балканските земји во XIV-XV век, Скопје 2010 стр. 61 Види: Г. Острогорски, Историја на Византија, Скопје 1992 стр. 599

Година од раѓање на Господ 1308, индикт 6, а откако е папа господинот Климент V, година трета, ден 27март...".[63]

„ Видимација на Филип IV Убавиот.

**Филип со божја милост крал на Франција. Им даваме на знаење на сите како сегашни така и идни дека непосредно и целосно сме го виделе писмото на светиот владетел, по иста милост крал на Далмација, Хрватска, Дукља, Србија и Рашка и господар на целата Приморска област, а кое го содржи во себе следново: Урош по божја милост крал...**

Дадено и направено во нашите шатори кај Голиквелин во лето Господово 1308 индикт 6, месец јули, ден 25-ти...

**А гореименуваната тврдина Штип, којашто ја поседуваме заедно со пределот што и припаѓа, ја задржуваме за себе и за нашите наследници и не сакаме да не обврзе гореспоменатата заклетва како поттик да ја дадеме.** Издадено во Париз во лето Господово 1313, месец декември...".[64]

Но до имплементирање на договорот не дошло поради политичката и внатрешната состојба кои го отргнале Карло Валоа од замислата да го освои Константинопол. На 12 октомври 1308 година умрела Карловата жена, Катерина Куртене, и нејзината царска титула поминала на нивното дете Катерина II.

Откажувајќи се од антивизантиски планови, Карло Валоа придонел повторно српскиот крал Милутин да се приближи кон Византија.

Венеција го поддржувала српскиот крал Милутин и во борба против хрватски бан Младен II, најверојатно за снабдување со оружје.

Покрај сите политички прилики, односно неприлики кои ги претрпеле венецијанските трговци во Србија за време на кралот Милутин, Венеција од

[63]Сп. В. Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа за поделба на Византиска Македонија. Текст според изд. на L. Mavromatis, со превод на македонски јазик од Л. Славева. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том II, Скопје 1977 стр. 431-441 Види: Б. Петровски, Историја на балканските земји во XIV-XV век, Скопје 2010 стр. 63-64

[64]Сп. В. Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа за поделба на Византиска Македонија. Текст според изд. на L. Mavromatis, со превод на македонски јазик од Л. Славева. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том II, Скопје 1977 стр. 441-443

српскиот пратеник во Венеција-Василије Васиљевиќ 1318 година ја барала отплатата на причинетата штета на трговците.[65]

Големи неприлики имале венецијанските трговци за време на војната меѓу Милутин и Драгутин 1301-1312 година, како и при самиот крај на владеењето на кралот Милутин, кога ослабнала централната власт и се појавиле нереди во државата поради болеста на кралот.[66]

Во времето на Стефан Дечански (1321-1331) односите со Венеција општо биле добри сè додека немало проблем меѓу Србија и Дубровник. Таков судир избил во 1324 година, но со посредство на Венеција. Во овој случај пратеникот Џовани Каладарариј не упеал да го реши спорот.[67]

Навидум мирот бил склучен во 1326 година, но само накратко. Сепак недоразбирањата меѓу Дубровник и Србија продолжиле понатаму со забрана за трговија, внесување на нивната стока во нивните земји. Немирите продолжиле и во 1328/29 година, а подобрување на венецијанско-српски односи имало веќе од 1330 година со Повелбата од кралот Стефан Дечански за слободна трговија на венецијански трговци низ земјите негови, слободен премин и безбедност при нивно патување.[68]

Крал Стефан Дечански 1 мај 1330г. им дозволува на Венецијанците слободно да поминуваат низ негова држава и да вршат трговска размена.

**„....Правам добрина како кон нашето соседство така и кон заедницата на Венецијанците, заедно со нас вклучени. Вашите добра се во наша корист...значи знаеме дека Вашите добра треба да поминат низ романските делови, низ другите делови да поминуваат и преку кралството низ нашите делови да поминуваат се дозволува слободен премин, според слободна волја...Срдечно Ве прашувам Вас што ги водите законите и договорите ако им се допаѓаат на Вашите трговци, да направиме договор за премин за договорени делови исклучувајќи ги деловите за Бугарија, за кои даваме**

---

[65] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 42

[66] Ibid, str. 39

[67] Ibid, str. 45

[68] С. Новаковић, Крал Стефан Дечански им дава права и повласници на Дубровничаните, за трговија низ Србија, Законски споменици српских држава средњег века, Београд 1912 стр. 163

**слободен премин и обезбедуваме заштита...ако сакаат да тргуваат во нашето кралство, слободно нека тргуваат, ќе ги потврдиме договорите со верност...**“[69]

Во 1330 година се случила голема Велбуждска битка меѓу Бугарија и Србија, а една од причините била од економска природа. Србија во пролетта 1330 година издала еден акт на Венеција за слободна трговија во Србија со кој било дозволено транзит на венецијанска стока преку Србија за сите земји, но единствено се забранува транзит за Бугарија.[70]

Владеење на Стефан Душан (1331-1355) се засновало на јакнење на српската држава и нејзиното прераснување во царство. Во првата етапа од освојувања на крал Душан 1334 година биле освоени Струмица, Охрид, Костур, Пелагонија со Прилеп, мариовска област.

Мирот со византискиот цар Андроник III бил склучен на 26 август 1334 година и српскиот крал си ги задржал освоените територии.

Втора етапа на освојувања на крал Душан се бележи во текот на граѓанската војна во Византија, 1342-1347 година. Во период на 1344-1345 година ги освоил Воден, Лерин, Сер, Мелник и околните места. Со ова Халкидичкиот Полуостров, со Света Гора, градот Кавала без Солун биле ставени под власта на српскиот крал. На 16 април 1346 година во Скопје се крунисал за цар.[71]

Со овој потег Србија станала најмоќна сила на Балканот, нејзината црква преминала во ранг на патријаршија.[72]

Станувајќи водечка сила на Балканот до 50-тите години на XIV век, имало можност да дојде до соработка меѓу кралот Душан, од 1346 година цар, со Венеција. Нивната дипломатска соработка почнала уште со долговите на градот Котор кој ги имал кон Венеција, кој во тоа време бил под српска власт.

Во неколку наврати Душан им излегува во пресрет на венецијанските трговци кои соработувале со Котор, им дал право тие да ги диктираат условите за полесно наплатување на долговите. Освен оваа ситуација, друг настан не упатува на потесна соработка меѓу Душан и Венеција. Набавка на оружје и собирање

---

[69] Ibid, str. 262

[70] К. Ациевски, Пелагонија во средниот век, стр. 171.

[71] Р. Радиќ, Време Јована V Палеолога, стр. 160 Види: Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 632

[72] D. M. Nicol, The Last Centuries, str. 205 Види: Г. Острогорски, Историја на Византија, стр. 632

наемничка војска од западните држави се случувало во период по смртта на византискиот цар Андроник III, во 40-тите години на XIV век кога всушност и настапил период на експанзија на српската држава.

Крал Душан посебно внимание посветувал на односите со Венеција бидејќи во неа нашол свој поддржувач. За ова сведочи писмото кое цар Душан им го пратил на Венецијанците преку своите пратеници, јуни 1340 година, во кое им упатил молби и предлози.[73]

Крал Стефан Душан 1340 г. им ги понудил на Венецијанците своите услуги.

**„...Забележуваме дека преминот низ нашето кралство од Вашите трговци може да биде плоден и корисен со уредување на движењето со нивна трговска стока кон Константинопол и Римска Империја..Ако некоја штета претрпите од нашите трговци, според договорот мораме самите да си платиме...Одговор од Венецијанците 8.6.1340 г.: ..Нашите трговци со своите работи одат и се враќаат преку кралството, сите со добра волја и со одобрување имаме доверба и се надеваме...**“[74]

Прво им барал засолниште во Венеција за него и неговото семејство доколку имало поголеми проблеми во државата, им понудил во случај на војна 500 подготвени коњаника, неговата лична заложба да се приклучи во тој воен судир, им дозволил слободен премин на венецијанските трговци. Посебно нагласил дека за секоја претрпена штета и загуба во српската држава, би следувала отплата на штета. Исто така, барал галии кои тој би ги вооружил да го однесат до Кипар, а секако понатаму до Ерусалим за да им даде поголема количина пари на христијаните за изградби на цркви и манастири.[75]

За патот кон Ерусалим не прифатиле бидејќи им било забрането од папата да тргуваат со неверниците, па му испратиле две галии за да го однесат до Кипар.

Зад сево ова се криела освојувачката политика на цар Душан кој во писмото до дуждот Франческо Дандоло, 1341 година, им направил уште една отстапка на

---

[73] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 56 Види: Listine II, S. Ljubič, Listine o odnošajih između južnog slavenstva i
Mletačke Republike I-IV, Zagreb 1868, 1870, 1872, 1874 str. 74-76 Види: С. Ћирковић, Историја средњовековне босанске државе, Београд 1964 стр. 91-92
[74] Ibid, str. 262-263
[75] Listine III, str. 143-144

венецијанските трговци: тоа се однесувало на сите стоки што ја носат трговците ако им се случи незгода или пад на бродови, да не припадне на кралот, туку трговците да ја земат за себе.[76]

Во текот на граѓанската војна во Византија, за која веќе станува збор, кралот Душан ја одбрал страната на големиот доместик Јован Кантакузин. Сето ова не им одговарало ниту на цариградската влада предводена од Ана Савојска, ниту на Венеција. Затоа Ана Савојска испратила свој пратеник да им ги пренесе пораките на Венецијанците. Целта била крал Душан да го растури сојузот со Кантакузин склучен 1342 година и да се сврти кон легитимниот цар Јован V.

Марин Ванијеро бил пратеникот од Венеција кој во летото 1343 година се сретнал со кралот Душан и ја завршил успешно дипломатијата. Но овој притисок од Венеција не влијаел да се урне коалицијата на Душан и Кантакузин, туку судирот на интереси ја разнишал коалицијата кога византискиот узурпатор ја освоил Верија, а тоа го поставило кралот Душан на спротивната страна.

Во секој случај, за времето на граѓанската војна во Византија 1341-1347 година, кралот Душан ја претворил Србија во царство со освојување на Сер-1345 година и поместувајќи ја границата до Кавала, заедно со Халкидичкиот Полуостров и Света Гора. Тој бил свесен дека без флота немало шанси да го освои Константинопол. Најмногу надеж полагал токму во Венеција од која би ја зел флотата и би станал владетел на Србите и Ромеите[77].

Испратил свои пратеници во јануари 1346 година во Венеција со предлог за заеднички напад врз Византија и се понудил да прати воена помош бидејќи Венеција имала проблеми во Задар. Венеција го одбила предлогот за напад на Византија наоѓајќи изговори, како: договорот за мир што го имале со Византија, неповолната политичка ситуација, судирот со Задар и слично и му ја одбиле понудената помош, а од друга страна му честитале за намерата да се круниса за цар.

---

[76] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 56 Види: Б. Крекић, Дубровник и Левант (1280-1460), Београд 1956 стр. 101-102
[77] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 59 Види: М. Динић, За хронологију Душанових освајања византијских градова, Зборник РВИ 4, 1956 стр. 1-11

Венеција сепак не можела да дозволи јакнење на српската држава, тоа би ги загрозило нивните интереси, повеќе им одговарала ослабена Византија. Токму воената ситуација што ја имала Венеција со Унгарија била смирена со посредништвото на цар Душан 1348 година.[78]

Преку досега изложените факти воочуваме дека Венеција единствено сакала да им обезбеди слободна и безбедна трговија на своите трговци, занаетчии, банкари, патници кои сè повеќе го свртувале своето внимание кон внатрешноста на Балканот бидејќи Левантот бил на мета на Османлиите, емиратствата и секако Ценова која сè повеќе го ширела своето влијание на Истокот. Затоа и во периодот од 1350-1355 година имаше воен судир меѓу италијанските републики во водите на Јадранско и Средоземно Море, за што веќе споменав предходно.

Непосредно пред самата смрт цар Душан уште еднаш им помогнал на Венецијанците со тоа што ги штител нивните интереси во Далмација од унгарскиот крал Лудовик I, воедно и помогнал на својата сестра, вдовицата на Младен III Шубиќ, Јелена Шубиќ.

Венеција му дозволила на цар Душан, како и на неговото семејство, да има венецијанско граѓанство, ги прифатила во редот на венецијански граѓани , но и во 1350 година го одбила царот Душан за напад на Константинопол.[79]

Покрај сите трговски и политички ситуации и поврзаности, цар Душан откако увидел дека нема да ја добие помошта од Венеција, тој ја свртел политиката на друга страна. И понатаму венецијанските долгови останале неподмирени, и понатаму доаѓале венецијанските пратеници да преговараат со српскиот цар, но без поголем успех.

Наследникот на цар Душан, син му Урош (1355-1371), ја продолжил соработката со Венеција, како на политички така и на економски план. Во негово време е карактеристично зајакнување на феудалците, нивното одметнување од централната власт. Во 1356 година избила војна меѓу Венеција и Унгарија, која била завршена со Задарскиот мир во февруари 1358 година. Со овој пораз во оваа

---

[78] N. Klaić, Povijest Hrvata u razvijenom srednjem vijeku, Zagreb 1976 str. 610-618
[79] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 68 Види: Љ. Стојановић, Старе српске повеље и писма I/1, Београд-Ср.Карловци 1929 стр. 65-66

војна Венеција ги изгубила своите поседи на источниот брег на Јадранско Море, Далмација, Дубровник, кој од 1358 година бил ставен под контрола на Унгарија.[80]

Цар Урош V, 10 јануари 1356 година, со Повелбата ги потврдил привилегиите за Дубровчаните и Венеција.

**„ Милост царство мое на трговци од Дубровник или Венеција да влезат слободно без задржување и никој да не им се испречи на патот.....Ако се задржуваат или нешто им биде одземено, да им ја надомести штетата царството мое...“**[81]

Во 60-тите години на XIV век повторно избил судир околу територијалните претензии на хумскиот кнез Воислав Војиновиќ со Дубровник, а оваа ситуација ја искористила Венеција. Таа била свесна за опаѓање на централната власт во Србија и за свои интереси морала да ги придобие симпатиите на самостојните феудалци-Балшите, Војиновиќ, Волкашин, Углеша, како и на царица Јелена.[82]

На повеќе од нив им доделила и венецијанско граѓанство, со цел нејзините трговци да ги задржат оние привилегии што ги имале предходно. Секако, ова била тешка фаза за Венецијанска Република бидејќи изгубила голем дел од јадранското приморје од Кварнер до Драч.

Но со помош на самостојните феудалци ги задржала влијанијата на албанското крајбрежје јужно од Драч, како и зетското приморје сѐ до Котор. Во изворите се споменуваат недоразбирањата со Ѓураѓ Балшиќ и негова намера во освојување на Котор, кој воедно бил под венецијанска заштита 1369-1372 година, но Балшиќ не успеал да го освои Котор.

Последните три децении на XIV век го одбележале згаснувањето на српското царство, така Венеција веќе имала отпочната економска соработка со самостојните територии на Душановите феудалци.

Во 1365 година еден од тие феудалци бил крунисан за крал, совладетел на царот Урош, имал големо политичко влијание меѓу останатите, доволна воена и економска моќ, а станува збор за кралот Волкашин. По битката кај река Марица, 26

---

[80] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 77 Види: Monumenta Serbica spectantiam historiam Serbiae, Bosnae Ragusii, ed. F. Miklosich, Vienna 1858 str. 153

[81] Ibid, str. 175

[82] J. Тадић, Писма и упутства Дубровачке Републике, Београд 1935 стр. 54-55

септември 1371 година, кралот Волкашин и неговиот брат деспотот Јован Углеша загинале во борбата против Османлиите. Набргу по битката во декември истата година починал и царот Урош.[83]

Политичката ситуација во српското царство била значително нестабилна и тешка, тоа го искористиле феудалците на Душан, Османлиите и секако Венеција.

На Балканот свои територии имале, како што предходно наведов, Балшиќи, Вук Бранковиќ, Никола Алтомановиќ-наследник на хумскиот кнез Воислав Војиновиќ, Лазар Хребељановиќ.

Најмногу податоци во историја има за односите меѓу Балшите и Венеција, а за останати поради недостаток на историските извори, се наведуваат пократки податоци. Се забележува соработката меѓу Венеција и Вук Бранковиќ во 90-тите години на XIV век, неговите територии се наоѓале во јужниот дел од Косово, но зафаќале и северни делови од Македонија заедно со Скопје.[84]

За да излезе кон повеќе рударски и трговски центри на ова територија, му доделила венецијанско граѓанство на Бранковиќ, како и на неговото семејство, а тој требало да ги потврди привилегиите на венецијанските трговци на негова територија. На 9 април 1394 година пратеникот на Вук Бранковиќ дал заклетва за верност и добил свечена повелба со оловен печат.

Поради опасноста од Османлиите, Бранковиќ ја гледал Венеција како една можност за заемна поддршка и соработка.

Венеција ја искористила секоја можност балканските трговски центри да ги стави под свое влијание благодарение на феудалците кои имале своја територија и давале привилегии на венецијанските трговци, отстапувале и градови во нејзина полза, само да не паднат во османлиските раце. Тоа посебно е случај со зетските територии во времето на Ѓураѓ II.[85]

Крајот на 90-тите години на XIV век го означиле низа потешкотии на Балканот. Мануил Палеолог бил вазал на Османлиите, како и останатите феудалци на балканските територии, Византија веќе полека тонела во рацете на Османлиите.

---

[83] И. Божилов, В. Гюзелев, История на средновековна България VII-XIV век, стр. 653-654

[84] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 100 Види: Listine IV, S. Ljubič, Listine o odnošajih između južnog slavenstva i
Mletačke Republike I-IV, Zagreb 1868, 1870, 1872, 1874 str. 90-91

[85] Listine IV, str. 97-99

Венеција ја гледала можноста да ги придобие балканските феудалци ветувајќи им помош  во војната против Османлиите и да ги задржи своите привилегии на Левантот.

Глава III

## ЕКОНОМСКИТЕ ВРСКИ МЕЃУ ВЕНЕЦИЈА И МАКЕДОНИЈА

Во времето на Палеолозите, посебно во времето на владеење на Јован V, царството во економски поглед претставувало второстепена сила во Медитеранот, како и на подрачјето на Левантот. Сите економски врски меѓу Византија и Венеција се однесувале и на македонска територија која во XIV век била во рамки на Византија.

Византија веќе не била иста економска сила како од нејзините почетоци до четвртиот крстоносен поход кога престанала речиси да постои. По нејзиното обновување 1261 година економската сфера била доста ослабната. Таа била заробеничка во трговските мрежи на Венеција и Џенова, италијански републики кои и по обновата на Византија не ги напуштиле трговските центри на Истокот.

Трговијата и воопшто земјоделието, занаетчиството и другите стопански дејности се одвивале во многу отежнати услови за Византија и често пати истите биле потиснувани од интересите на западните сили.
Византија после 1204 година станала влијателна зона на италијанските трговци од Апенинскиот Полуостров. Имало присутство и на други трговци, како Каталонци, Дубровчани, Срби, но сепак биле помалку во однос на италијанските трговци.

Константинопол и понатаму бил значајно трговско седиште што го поврзувало Истокот и Западот. Венецијанците во текот на XIV век купувале многу разновидни производи, како: ѓумбир, цимет, бибер и други зачини, потоа свила, лен, волна, памук, мастика, жито, вино, разноврсни производи од сребро и злато.[86]

Византија всушност била и извозна и увозна трговска зона на различни производи од италијанско потекло.

---

[86] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 132 Види: В. Хан, Архивска грађа о стаклу и стакларству у Дубровнику (XIV-XVI век), Београд 1979 стр. 24

Кон Запад одел најчесто извоз на житото и житните производи, а во сето тоа се склучувале трговските договори меѓу византиските владетели и феудалците со Венецијанците. Во средина на XIV век извозот се намалил поради српските, а подоцна и османлиските освојувања на византиските територии. Само западниот брег на Грција и Мореја сè уште соработувале со западните сили во извозот на овие животни намирници.

Внатрешните несогласувања, граѓанските војни, надворешната политичка ситуација, црната смрт 1348 година придонеле за нестабилност во економската сфера во Византија.[87]

Византија и покрај сè, многу од производите ги увезувала од италијанските поморски републики. Станува збор посебно за фината ткаенина која ја купувале благородничките семејства од Византија, крзното, разноврсни парфеми, но сето тоа било под туторство на Венеција или Џенова, тие го контролирале и увозот на овие стоки во византиските трговски центри.[88]

Како што наведов предходно, византиските трговци биле ограничени во источен дел на Медитеранот и постојано наидувале на бариери од италијанските републики.

Сето ова укажува на фактот што Византија била во сенка на италијанските републики во однос на економската сфера, не можела самоволно да истапува и да донесува одлуки во врска со економските прашања и проблеми.

Вредноста на византиските монети (пари) перпери постојано паѓала, посебно во времето на владеење на Јован V, со чија реформа во монетарниот систем во периодот од 1366-1381/2 година од златна преминала во сребрена монета-перпер.[89]

Првите симптоми на финансиска криза се појавиле во средината на XI век, кога почнало расипување на вистинската вредност на златната монета во Византија со додавање на метал од помала вредност. Тоа било запрено во XII век кога приликите дозволиле ковање на монети со висока вредност.[90]

---

[87] Р. Радиќ, Време Јована V Палеолога, стр. 177 Види: Г. Острогорски, Историја на Византија, стр.636

[88] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 118 Види: М. Динић, Одлуке Већа Дубровачке Републике I, II, Београд 1951, 1964 стр. 305

[89] Р. Радиќ, Време Јована V Палеолога, стр. 440

[90] Ibid, str. 441

На почетокот на XIII век византискиот златник имал 90 % од својата номинална вредност, потоа перперата-византискиот златник во времето на Алексиј I доживеала нов пад со тоа што го изгубила угледот меѓу светските монети.

Перперата која доминирала во средновековниот свет, почнала да се истиснува од пазарот бидејќи луѓето гледале кон неа со недоверба, а се појавиле златните монети од италијанските републики (la buona moneta d'oro).

Уште од времето на Јован III Ватац, византиската перпера имала 2/3 од номиналната вредност-16 карати, по обнова на Византија во времето на Михаил VIII имала 15 карати, во времето на Андроник II имала 14 карати.[91]

Веќе споменав дека во текот на XIV век финасиската ситуација во Византија била очајна, затоа квалитетот на перперата опаѓал постојано, паднала на половина од своја некогашна вредност.

Еден податок од 1303 година ни кажува за тужбата на Венеција поради слабиот квалитет на перперот упатен до царот Андроник II. Во периодот од 1353-1367 година не се произведувал. Тоа е времето на двата цара Јован V и неговиот узурпатор Јован Кантакузин, на кризата во Византија, внатрешните несогласувања и сл.

Последица од овој пад на вредноста на перперата бил порастот на цените, поскапувањето на намирниците, гладта меѓу народните маси.

Даночните мерки кои ги презел Андроник II уште повеќе ја влошиле ситуацијата, ги зголемил државните приходи кои се искачиле до 1.000.000 перпери.

Византиската трговија целосно опаднала посебно по навлегување на Османлиите на Балканот, социјалните немири, ограбувања, уништување на земјоделските површини. Ако направиме само една паралела колку царински приход на годишно ниво имале Џеновјаните во Галата (предградие во Цариград на Џеновјаните), цифрите кажуваат-200.000 перпери, а Византија од Цариград земала вкупно 30.000 перпери царински приход во текот на годината.[92]

Моќта на перперата во текот на XIV век се намалувала од ден на ден, пишувале современиците на овие настани. Византискиот царски двор немал веќе

[91] Г. Острогорски, Историја на Византија, Скопје 1992 стр. 585
[92] Ibid, str. 586

ни постојан буџет бидејќи постојано некои непријатности го потресувале царството. Поради тоа и постојано буџетот се свртувал кон тие првични потреби, доколку недостасувале пари, тогаш барале од западните сили или собирале прилози од побогати благородници. Примерот за ова е заложување на царскиот накит на царица Ана во Венеција за да добијат на заем 30.000 дукати. Долгот никогаш не бил вратен, а накитот останал во ризницата на црквата на св.Марко. Друг пример е за обнова на црквата „Св.Софија"-1350 година. Односно биле испратени пари од московскиот кнез, но наместо за побожна цел, тие пари биле искористени за поткупување на помошни турски одреди, а ова покажува во каква безизлезна сиромаштија била Византија.[93]

Во средината на XIII век биле населени Саси, германски рудари кои експлоатирале руди од српските рудници со нови технички методи, кои така доаѓале до многу разновидни благородни метали-сребро, злато, олово и бакар. Својата дејност ја почнале во Брсково од каде ископувале сребро, потоа нивната дејност се проширила и на новоосвоените територии од страна на српската држава, односно во Македонија.

Анонимен патописец поминал низ српските територии околу 1308 година и запишал дека имаат вкупно 7 рудници богати со сребро, а во тој период веќе јужната граница на Србија била поместена северно од линијата Охрид-Прилеп-Штип.

Отворањето на рудниците, напредокот на рударството дало можност на Србија да го забрза својот трговски раст со трговијата на приморските земји, да го зголеми извозот на суровини кои ги барале тие и со тоа да го зголеми прометот. Најмногу производи кои се извезувале од Србија кон приморски земји, а понатаму на Запад биле среброто, златото, оловото, бакарот, кожата од домашни и диви животни, восокот, дрвото, суровата свила, виното.[94]

---

[93] Р. Радиќ, Време Јована V Палеолога, стр. 143.

[94] Monumenta Ragusina, Libri reformationum I-V, ed. J. Gelchich, Zagrebiae 1879-1897 str. 93 Види: Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 107

Најчесто сите тие ги преземале дубровничките трговци или пак стоката била доставувана во Дубровник, понатаму носена во Венеција од дубровничките или венецијанските трговци.

Секој од овие горенаведени производи имал цена по грам или килограм кој им се наплатувал на трговците.[95]

Кога имало недостаток на сребро во западните земји, Венеција откупувала и српски сребрени монети за да дојде до овој производ.[96]

Српското благородништво најмногу увезувало ткаенини од западните земји, конкретно од Венеција, најмногу увоз на ткаенини имало во времето на крал, подоцна цар Душан. Како извозот така и увозот на производи се одвивал преку Дубровник.[97]

Цар Душан најчесто преку своите пратеници во Дубровник или Венеција доаѓал до скапоцените ткаенини, но имало случаи каде и Дубровчаните му ја давале во вид на подарок, пр. со откуп на Стон и Пељешац, му доставиле 6000 перпери во ткаенина, кои ја зеле на кредит од венецијанските трговци, како и во другите случаи.[98]

Од изложеното досега се види дека Венеција и останатите западни земји го имале Дубровник како транзитен центар на нивните производи, кои понатаму стигнувале во внатрешноста на балканските земји.

Во последните три децении од XIV век, наместо Дубровник посредници биле зетските територии, Бар, Улцињ и други.

Во времето на Милутин почнал откуп на оружје од Венеција, а поинтезивна соработка за оружје имало во времето на Стефан Дечански и секако Душан, со оглед на неговата експанзионистичка политика.[99]

---

[95] M. Peterković, Statut carinarnice grada Dubrovnika. Dubrovački zakoni I uredbe I, Beograd 1936 str. 390

[96] Mon.Rag. V, str. 145

[97] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 115 Види: Д. Д. Кнежевић, Тканине у привреди средњовековног Дубровника, Београд 1982 стр. 48-49

[98] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 119 Види: Г. Чремошник, Увозна трговина Србије године 1282 и 1283, Споменик CKALXII, 1925 стр. 61-69 За Стонски рат се споменува кај Z. Šundrica, Stonski rat u XIV stoljeća (1333-1399), Pelješki zbornik 2, 1980 str. 73-190

[99] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 129 Види: I. Voje, Kreditna trgovina u srednjovekovnom Dubrovniku, Sarajevo 1976 str. 281

Освен тоа тој набавувал и воени бродови од Венеција, целосно опремени со оружје. Меѓу останатите производи увезувале украсни траки, накит, сребрени чаши, предмети од стакло украсени со сребро и сл.

Од венецијанските граѓани кои престојувале во српските земји најчесто биле трговци, занаетчии, аптекари, лекари.

Српските владетели и благородници, како и поголемите градови, имале свои монети, претежно сребрени монети кои ги нарекувале динари. Во средновековната историја на Србија се споменува ковање на монети од XIII век во времето на владеење на кралот Радослав (1228-1234) по углед и пример на византискиот трахеј (номизма).[100]

Според истражувањата на тлото на српските територии имало околу 350-400 видови на монети. Од времето на крал Урош I (1243-1276) српските монети се ковале по угледот на венецијанскиот матапан (сребрен венецијански грош по византиски пример, наречен така според 'рт Матапан на полуостровот Пелопонез).[101]

Најчесто натписите на монетите биле напишани со грчки алфабет или со латинско писмо. Од времето на крал Драгутин (1276-1282-1316) на монетите се појавил и кириличен натпис, таканаречени „ крстати динари " поради скиптарот со крст кој го држел кралот претставен на монетата. Монетите на цар Душан биле пишувани и со кирилично и со латинично писмо, на Урош V претежно биле пишувани со латинично писмо, додека монетите на крал Волкашин биле со кирилично писмо.[102]

Во однос на вредноста на динарите во српската држава и соодносот со венецијански грош (2,178) во првите педесетина години од ковање на монети во време на Урош I, Милутин, Драгутин и Стефан Дечански не ја смениле својата тежина или структура. Значи, тие владетели одржувале приближно иста вредност на динарот кој бил изработен по примерот на венецијанскиот матапан. Поедини примероци на динари биле под реална тежина на венецијанскиот грош, некои поедини примероци ја поминувале тежината на грошот. Тоа било една од главните

---

[100] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 32
[101] Ibid, str. 26.
[102] Ibid, str. 27.

аргументи за венецијанската интервенција против српскиот динар во 1282 година, подоцна во 1291 година, 1294 година, поради намалена тежина на динарот. Впрочем, се гледала вкупната тежина на одреден број монети која одговарала на пропишаната тежина, 460 парчиња во 1 кг. Подоцна менувањето на тежината на динарот се случила во крајниот период на владеење на крал Стефан Дечански, во кралскиот период на Стефан Душан.

Опаѓањето на вредноста на српскиот динар и понатаму се одвивало во надолна линија, но во времето на деспотот Стефан Лазаревиќ вредноста на српскиот динар пораснала. На основа на архивската граѓа во Дубровник и Венеција, се воочува дека вредноста на динарот во 1294-1309 година се намалувала за 10 % , така што 4,5 динари вределе 4 венецијански матапани. Но во тој период на економска сцена биле во употреба повеќе видови монети кои имале различна вредност. Во трета деценија на XIV век, точно пред 55 години од ковањето на монетите, 4,25 динари вределе 3 венецијански матапани.

Треба да се спомене дека локалните владетели ковале свои пари, но и со помала вредност, полудинари, треќаци и манушници. Монети биле изработени од сребро. Бакарните монети биле ковани, и тоа во помал оптек, посебно во приморските краишта Бар, Улцињ, Скадар, Дриваст. Поради „трговија на мало“ во внатрешноста немало присутство на бакарните монети. Мал дел од бакарните монети се сочувани, но дел од нив претставуваат имитација од сребрени монети, односно кај дел од нив се најдени посребрени остатоци.

Во период, крај на XIII век, на територија на Србија имало две големи ковачници на сребрени монети- Брсково и Рудник. Во почетокот на XIV век се отвориле повеќе ковачници, и тоа во: Трепча, Ново Брдо, Скопје, Охрид, Призрен се ковале разноврсни типови на монети, специјално монетите на цар Душан.[103]

Врз база на податоците кои ни ги даваат оставите на монетите, ковањето на монети во период на XIV век било доста распространето низ сите територии на српските земји и во Македонија.

Во периодот на распаѓање на Душановото Царство, имало ковање на разноврсни монети од локални феудалци. Тие биле во мал број и се користеле на

---

[103] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, Стубове културе, Београд 2001 стр. 78

сопствена територија, не биле користени во меѓународна употреба, немале меѓународна вредност. Монетите од кралскиот период и од времето на Душан имале широка примена не само во Дубровник туку и во Венеција, Бугарија, Унгарија, Романија, Грција.

Името динар за српски монети потекнувало од римскиот период „ denarius " и овој термин се прилагодил на овдешниов менталитет. Монетата на цар Душан била сребрена, на неа бил прикажан цар Душан во свечена царска облека како стои со жезло во рака, а два ангела му ставаат на главата златна круна. На самата монета стоел натпис на старословенски јазик, на кирилица-Стефан цар. Најчесто на монетите стоеле натписи со кирилица за внатрешна употреба, а со латинично писмо за меѓународна употреба на монетите. Ако направиме споредба на дневниците во еден работен ден што ги земале луѓето, ќе го видиме соодносот на српскиот динар со венецијанскиот дукат, односно со венецијанскиот перпер.

Во XIV век соодносот меѓу венецијанскиот перпер и динарот бил:

-1 перпер вредел 12 крстати динари;

- 1 динар вредел за 30 фолари;

-една дневница се движела од пола динар со храна или 1 динар без храна, до 4 фолари; за 1 динар можело да се купи еден товар жито-100 оки, 128 кг;[104]

-лекар на дворот на цар Душан земал плата од 400 перпери-4800 динари;

-дубровнички конзул за цела Србија имал плата 400 перпери-4800 динари;

-капетан во Жупа во Дубровник има плата 90 перпери-1080 динари;

-морнар имал плата 30 перпери-360 динари;

-слуга кај некој мајстор има плата 6 перпери-72 динари;

-еден дукат имал вредност два перпери-24 динари;

-една свиња вредела 1 перпер-12 динари;

-еден коњ вредел 30 перпери-360 динари;

-еден килограм сребро вредело 25 перпери-300 динари;

-една робинка имала вредност 30 перпери -360 динари.

---

[104] Ibid, str. 78 Види: Љ. Недељковић, Млетачка интервенција против рашког динара у XIII и XIV веку, Зборник Народног музеја VI, 1970 стр. 287-308

Поради надворешната трговија на српските земји со западните европски држави, биле во оптек српските монети со латинично писмо, со лик на Исус Христос или друг светец, име на владетелот, неговиот лик, неговото семејство.
Во времето на крал Милутин во текот на неговото владеење има еден период кога Венеција строго забранувала оптек на српски монети на нејзина територија, дури и во Задар, Апулија, Котор и оние места во кои таа имала своја власт, освен во Дубровник.[105]

Причината за забрана на српските пари во Венеција не е разјаснета во историските извори, но се смета дека поради конкурентноста во трговијата да не би го завземала приматот на нејзините монети. Монетите на крал Милутин биле со натпис „rex Raxiae" и имале голем оптек во трговскиот промет.[106]

Има српски монети од времето на Стефан Лазаревиќ, кога Србија станала деспотство, на кои се пишувале имињата на градовите каде се произведувале, пр: Скопје, Рудник, Призрен и др.

Освен сребрени се ковале и златни монети во периодот кога Србија се издигнала во царство, имало и бакарни монети пуштени во оптек на мала трговија меѓу приморските српски градови. Сребрени српски монети биле присутни во трговските центри во Дубровник, Венеција, Романија, Унгарија, Бугарија, Византија.

Од почетокот на ковањето на монетите во XIII век, српскиот динар од тежина 2,178 г.во времето на деспотот Стефан Лазаревиќ, опаѓа до 1,00 г. и помалку од тоа. Причината за сето тоа било дефицитот на среброто на пазарот во Западна Европа и на Истокот.

Колкава вредност имале српските монети сведочат и следниве податоци: 1 дукат (златник од Венеција) бил еднаков на 2 перпера (византиска номизма) или 24

---

[105] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 27 Види: М. Динић, Крстати грошеви Зборник РВИ 1, 1952 стр. 96

[106] Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, стр. 28 Види: Г. Чремошник, Развој српског новчарства до краља Милутина, Београд 1933 стр. 42 Listine I, str. 239-240 V. Makušev –M. Šufflay, Isprave za odnošaji Dubrovnika prema Veneciji, Starine 30, 1902 str. 343

динара. Според ова, 1 перпер бил еднаков на 12 динара, за коешто веќе наведов во предходното излагање.

Глава IV

# ПОЛИТИЧКО ПРИСУТСТВО НА ДУБРОВНИК ВО МАКЕДОНИЈА

Дубровник како општина, подоцна како република, се споменува од 850 година. Во период на IX век Дубровник бил во составот на Византија во т.н. тема Далмација. Подоцна во историските извори го споменуваат Дубровник како мета на експанзионистичката политика на цар Самуил, крај на X век, но намерата на царот Самуил не била остварена поради силните и високите градски ѕидини на Дубровник.[107]

По завршувањето на четрвтиот крстоносен поход 1202-1204 година Венеција завладеала со крајбрежјето на Јадранско Море. Византија била речиси уништена и на нејзино место се основале повеќе латински држави. Меѓу нив Венеција го имала предимството и во водите на Егејското, Јонското, Мраморното Море и еден кварт во Константинопол, каде биле населени венецијанските граѓани и бил сместен венецијанскиот баило.[108]

Во 1205 година Дубровник паднал под власта на Венеција, а предходно и Задар и останатите делови од Далмација. Воспоставувањето на венецијанската власт во Дубровник значело потиснување на дубровничката политика, економија и развој во сите општествени и социјални сегменти.

Дубровник во периодот од 1205-1358 година бил зависен и ограничен во својот развој, инволвиран во воени судири, и под принуда воено да го помага својот врховен господар. Ваквото однесување од страна на Венеција било предизвикано поради конкурентноста со Дубровник во трговијата по јадранското крајбрежје, но и кон Левантот.[109]

Вака претставената слика за Дубровник јасно ни кажува за развој на натамошните историски случувања, како на политичка така и на економска сцена. Венеција се наметнува во сите ситуации во кои се нашол Дубровник со Византија, односно Србија и таа ја презела улогата на медијатор. Зошто велам Србија и

[107] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, Zagreb 1980 str. 17
[108] Ibid, str. 59
[109] Ј. Радонић, Дубровачка акта и повеље I/I, Београд 1934 стр. 66-68

Византија? Затоа што единствено овие држави во XIV век ја имале својата власт врз македонските територии и секако османлиската власт која била наметната кон крајот на XIV век. Во натамошно излагање за дубровничко-византиски односи или за дубровничко-српски односи, се мисли конкретно и на македонска територија која била во рамки на Византија, подоцна и во рамки на Србија, во XIV век.

Дубровник под власта на Венеција имал кнез кој управувал со дубровничката општина. Неговиот мандат бил две години, а тоа покажува колково влијание и моќ имала Венеција врз секојдневниот живот на Дубровчаните и така било до 1358 година.[110]

Што се однесува до кнезот, освен заклетва за верност пред дуждот во Венеција, тој полагал заклетва и пред Дубровничката општина со која требал да управува, пр: заклетвата на кнезот Иван Тиеполо, 20 јули 1237 година ( се наоѓа во Дубровнички архив).[111]

Освен ова Дубровник плаќал одредена сума годишен данок на венецијанскиот дужд и плата на кнезот кој бил поставен од страна на дуждот да го управува Дубровник.[112]

Условите на договорот склучен 1232 година меѓу Дубровник и Венеција јасно ја покажуваат потчинетоста на Дубровчаните кон Венеција, пр:

-Дубровчаните да го бираат надбискупот од редот на венецијанското свештенство;

-Дубровничкиот клер морал за празничните денови да пее пофали за дуждот, патријархот, надбискупот и кнезот;

-Треба да го прифатат оној кнез кој ќе им го прати венецијанскиот дужд;

-Сите Дубровчани да полагаат заклетва за верност кон венецијанскиот дужд и кнезот на секои десет години;

-Со големи почести да го пречекуваат дуждот кога претстојувал во Дубровник;

- Да даваат воена поддршка доколку е потребна на Венеција на Јадранското Море;

-Сите странски бродови кои го користат дубровничкото пристаниште морале да плаќаат данок колку што плаќале во венецијанските пристаништа;

---

[110] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 59

[111] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 63 Vidi: L. Kunčević, Dubrovačka slika Venecije i venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom vijeku, Anali Dubrovnik 50 (2012): str. 9-37

[112] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 64

-Сите пријатели на Венеција се пријатели за Дубровник, сите непријатели на Венеција се и непријатели за Дубровник;
-Секоја година на Благовден на Венеција да се дадат 12 перпери, на дуждот 100 стари златни перпери, на кнезот 400 перпери, како и сите други приходи кои му следувале, освен приходот за сол;
-Секоја година Дубровник ќе им праќа 12 заложници во Венеција од најугледните семејства, 6 од нив морале да престојуваат во Венеција, и тоа на сметка на Дубровник;
-Трговската стока што ќе ја увезуваат Дубровчаните од Византија во Венеција ќе плаќаат на Венецијанците 5 % од вредноста на стоката како царина, за стоката од Сицилија 40%, за стоката од Славонија (Србија, Хрватска и Далмација) нема да плаќаат царина;
-Дубровчаните имале право и во време на мир и во време на војна да вршат трговија до Коринтскиот залив;
-Во Венеција Дубровчаните не смееле да вршат трговија со странците.[113]

Според овие одредби од договорот се гледа дека Дубровчаните немале некоја слобода за извршување на трговија.
Да споменеме за органите на управување на Дубровничката општина, т.е. Република. Освен кнез кој имал големи привилегии и овластувања, посебно со Статутот на градот издаден 1272 година, тој си избирал пет судии, шест пратеници во Мал совет, имал и заменик „ викар “.

Во состав на Мал совет влегувале судии и пратеници од Мал совет, тие ги бирале пратениците во Големиот совет.[114]
Така било до 1320-1321 година кога била донесена одлука за пратеници: сите полнолетни граѓани претставници на благородништвото имале право да бидат дел од Големиот совет. Со тоа моќта на кнезот се намалила, на Големиот совет се зголемила, а постоело и т.н. Совет на замолените или Сенат.[115]

---
[113] Ibid, str. 61
[114] Ibid, str. 122
[115]V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 123 Vidi: L. Kunčević, Dubrovačka slika Venecije i venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom vijeku, Anali Dubrovnik 50 (2012) : str. 9-37

Дубровничката општина ја управувале кнез, Мал совет, Совет на замолените и Голем совет. Мал совет бил извршен орган, Голем совет-собрание, Совет на замолените составено од 6 члена искусни стари благородници кои ги носеле најважните одлуки.[116]

Покрај Статутот на градот Дубровник од 1272 година, бил изработен и Царинскиот статут во 1277 година, кој е важен документ за општината.

Викарот бил биран од кнезот, некаде се среќава и со титула бан, кој е заменик на кнезот во извршување на извршната власт, доверлива личност од редот на угледните Дубровчани.[117]

Кнезот примал повеќе приходи од колење стока, ловење риба, продажба на робови, дрва и сл.

Сите приходи во дубровничкиот буџет се делеле на три дела: еден дел за надбискупот, друг дел за кнезот и трет дел за општината Дубровник (арборатик).

Дубровник за Венеција имал стратешка позиција која го поврзувала Истокот со Западот. Во дубровничкото пристаниште доаѓале венецијански трговски галии, воени галии, писма од дуждот за венецијанскиот баило во Константинопол. Нив ги земал дубровничкиот кнез и ги праќал по курир по копно.

Политичките настани од Венеција често пати се пренесувале и во Дубровник бидејќи биле под нејзина власт, но сепак користењето на српските монети кои биле забранети во Венеција 1282 година и на нејзините територии, не важеле за Дубровник бидејќи тој бил во тесна економска поврзаност со Србија.

Што се однесува за венецијанско-византиските односи, тие се влошиле околу 1324 година и тогаш Венеција забранила извоз на трговска стока ( живина, месо, пари и слично) на Дубровник во Византија. Оние кои биле таму требало да се повлечат во рок од еден месец со својот имот. Исто се однесувало и за трговијата со Османлиите во 1332 година, кога тие се подготвувале за војна против христијаните и таа забрана важела за Дубровник.

---

116 V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 121

117 Ibid, str. 65 Vidi: L.Kunčević, Dubrovačka slika Venecije i venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom vijeku, Anali Dubrovnik 50 (2012) : str. 9-37

Во 1348 година по мирот склучен меѓу Унгарија и Венеција, Европа ја зафатила смртоносна епидемија „ црна смрт " која се појавила и на дубровничката територија со голем број жртви.[118]

Во 1356-1358 година се случил преврат во Далмација, вклучувајќи го и Дубровник. Во овој период се прекинал унгарско-венецијански мир склучен на осум години. По истекот на рокот Унгарија продолжила со своите експанзионистички планови кон Јадранското Море и приклучување на далматинските градови во нејзините државни рамки.[119]

Во оваа ситуација Венеција им дозволила добивање венецијанско граѓанство на Дубровчаните и полна слобода во трговија, но сепак Венеција со Задарски мир 18 февруари 1358 година ги загубила своите позиции во јадранското крајбрежје, а со тоа и Дубровник.[120]

Покрај сите ограничувања од Венеција, Дубровник како дел од венецијанската сфера имал привилегии во односите со италијанските градови-држави, со кои имал економска соработка. Конкретно би ги споменале соработка со Анкона (Јакин), Сицилијанско кралство, каде ги користеле поволностите без да плаќаат царина во сицилијанските пристаништа во Сиракуза и Месини, како и сицилијанските бродови во Дубровник, исто и со Апулија.

Најмногу од овие трговски центри Дубровчаните извезувале жито, како основна намирница, но увезувале масло, сол, кожа, восок, сребро кои дубровничките трговци ги снабдувале од балканските земји.[121]

Што се однесува до трговската врска со Истокот, а првенствено се мисли со Византија, дубровничкиот историчар од XVIII век, Џоно Растиќ, известува за договорот од 1320 година склучен со византискиот цар Андроник II, со кој Дубровчаните биле обврзани да плаќаат на годишен данок од 1000 златни перпери за слободна трговија низ византиските територии, без дополнително

[118] Ibid, str. 78
[119] Ibid, str. 131
[120] Ibid, str. 133
[121] И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, Београд 1960 стр. 283

плаќање на царински такси.[122] Тука се мисли и на македонските територии кои се уште биле во рамки на Византија, јужно од границата Охрид-Прилеп-Штип.

Најмногу Дубровчаните купувале жито низ земјите на Истокот, а таму увезувале разни ткаенини од италијанските држави, вино, масло и други производи.

Со размената што ја правеле во трговијата претставувале медијатори во тие размени. Дубровчаните стоката од Истокот подоцна од своите пристаништа ја носеле кон Задар, Венеција, Анкона и други места кон западноевропските земји и во обратен правец: сè она што го произведувале на Запад се пренесувало преку дубровничките пристаништа кон земјите на Истокот.[123]

Поради експанзионистичка политика на Србија кон крајот на XIII и почетокот на XIV век, воедно се засегнати и интересите на Венеција, но и на Дубровник, посебно територијалното проширување кон македонските територии кои тогаш биле во рамки на Византија. Исто така, многу важен бил политичкиот и економскиот однос на Венеција со Србија, кој се одразувал и на односите меѓу Србија и Дубровник.

За Дубровник Србија била значајна трговска зона и многу им било важно да ги имаат сите привилегии и слободи во трговијата со одредени царински такси. Уште во времето на Стефан Првовенчани околу 1215 година, во една негова повелба вели дека ги сметал Дубровчаните за пријатели на кои им дозволил слободна трговија. Тие биле обврзани да ги платат законските даноци кон државата, а непријателите на Дубровник веднаш биле протерани од Србија и предадени на дубровничките власти.

Србите не смееле да вршат репресалии врз Дубровчаните, инаку ќе одговарале пред суд. Ако се прашуваме дали имало недоразбирања или несогласувања меѓу Дубровник и Србија, секако дека постоело, а тоа најчесто се однесувало на територијалното ширење на Дубровник. Спорна била областа Астареја на која

[122] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 118
[123] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 201

Дубровчаните сметале дека полагаат секакво право, односно тоа им било нивна дедовина од минатото, каде најчесто одгледувале винова лоза.[124]

Во септември 1268 година Дубровник почнал да го плаќа т.н. светодимитарскиот данок на Србија, 2000 перпери годишно. Се разбира, тоа била цената за откуп на мирот и слободна трговија низ српските земји.[125]

Во времето на кралот Драгутин 1276 година односите со Дубровник биле пријателски, немало соперништва, светодимитарскиот данок и понатаму да се плаќал, а воедно ги користиле и трговските привилегии.

Драгутин во 1282 година бил наследен од брат му кралот Стефан Урош II Милутин (1282-1321).

Крал Милутин им ги потврдил привилегиите на Дубровчаните-1282г.

„ **Направи милост кралство мое кон дубровничко благородништво и сите општини мали и големи како им ги направил брат ми Стефан....Заедно сите да поминуваат низ земји на кралството мое без страв и без задржување со сета слобода, а тие треба да го дадат данокот секоја година на Димитровден 2000 перпери**..“[126]

Мајката на крал Милутин, кралица Елена во 1289г. им издала Повелба на Дубровчаните за нивните поседи со винова лоза, кои им биле дадени од време на српскиот крал Урош I да ги задржат за себе.

„.....**Милост направи кралството мое на општина Дубровник поседи со винова лоза што ги имале во време на починатиот крал и сега да ги задржат...Во тоа име на кралството мое на Котража**...“[127]

Дубровник во почетокот на владеење на Милутин имал добри односи, но во 1301 година дошло до војна. Овој воен судир бил за преземање на островот Мљет под дубровничка власт, но тоа Србија не го дозволила и на крај дошло до склучување на мир. Островот бил управуван од бенедиктанскиот манастир „ Св.Марија “. Дубровник сакал да наметне свој кнез и управа и покрај тоа што бил островот под

---

[124] Ibid, str. 83
[125] Историја српског народа I, стр. 445
[126] С. Новаковић, Законски споменици, стр. 156
[127] Ibid, str. 157

српска власт. Моќта на српскиот крал била сосема јасна и тој ја повлекол границата како што сакал до Цавтат и Полјица.

Во уште една прилика кралот Милутин и Дубровник 1317-1318 година се нашле во воен судир и повторно бил склучен мир, но Мљет пак не бил освоен од Дубровник сè до 1345 година.[128]

По смртта на кралот Милутин на српскиот престол дошол Стефан Урош III Дечански (1321-1331). Дубровчаните од него барале за пари или на подарок да им ги отстапи териториите околу Жупа, Шумет и Ријека, но без успех.

Имало воени судири меѓу Дубровник и крал Стефан Дечански 1325-1326 година и во тој период биле прекинати трговските односи со Србија.[129]
Венеција требало да издејствува договор за мир со српскиот крал Дечански во рок од шест месеци и ако тоа не се случило, тогаш дубровничките трговци за два месеци требало да ја напуштат српската држава.

Прашањето тука било за корист која ја имала Венеција при ова медијаторство, а тоа се состоело во рамноправноста пред правниот систем во Дубровник: Венецијанец да биде сметан како рамноправен во случај на одредување казна како да е Дубровчанец, кнез да бил единствен судија кој би ги решавал судските спорови на Венецијанците.[130]

И покрај тешките услови, Големиот совет со мнозинство гласови ги прифатило условите наметнати од Венеција само да се склучи мир и мировен договор бил постигнат. Повторно војувале 1327-1328 година и секако и во двата случаја медијаторската улога ја имала Венеција бидејќи Србија не можела без дубровничките трговци.

Во времето на кралот Стефан Душан (1331-1355) Дубровник го купил Стонски 'рт (денес Пељешац) од српскиот крал и 1333 година бил воведен т.н. „стонски данок". Повелбата била издадена на српски и латински јазик во Полог, 22 февруари 1333 година.[131]

---

[128] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 90 Види: Б. Крекић, Зашто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србије 1301-1302 ?, Зборник РВИ 17, 1976 стр. 417-423
[129] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 90 Види: Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, Зборник РВИ 11, 1968 стр. 193-204
[130] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 91
[131] Ibid, str. 92

Стонски 'рт им го продал за 8000 перпери, 500 венецијански дукати годишен данок, но и Посредница и Сланско приморје сè до меѓата на дубровничката Астареја.[132]

До некои поголеми соперништва и војни меѓу Дубровник и Србија не дошло, но сепак имало тензии во однос на непријатностите и штетите кои ги имале дубровничките трговци во нивните земји. Во 1343 година Стефан Душан бил зафатен со територијалното проширување кон југ. Ја поместил јужната граница сè до Халкидичкиот Полуостров, Сер, Драма и Кавала.[133]

Цар Стефан Душан, 20 септември 1349 година, Повелба за привилегии на Дубровчаните.

„ **Да си ја чуваат својата глава и својот имот, нивни трговци заедно слободно без задржување по земја на царството мое... ништо да не им се одземе на сила ниту да се задржуваат....да поминуваат слободно...Ако им се случи да бидат ограбени или на сила им се одземе стоката низ земји во царството мое, тогаш царството мое ќе плати кому му е што одземено...тогаш да се најде виновникот и да се казни...**“[134]

Според Законикот на српскиот цар Стефан Душан, се гледа односот кон трговците кој го имал царот и какви привилегии добивале посебно дубровничките трговци. Законикот бил издаден на 21 мај 1349 година во Скопје, каде царот Душан во 1346 година се крунисал за цар. Законикот има 201 член, првин бил со 135 члена, но подоцна бил дополнет во 1354 година во Сер. Конкретно нашето внимание е насочено кон членовите од Законикот што се однесуваат на трговците и ќе издвоиме некои од нив.

Член 118: „ **Трговците кои патуваат по царската земја, да нема право ниту еден благородник, ниту кој било друг човек на сила да ги вознемируваат или да им ја поткрадуваат стоката и пари на сила да им даваат. Кој на сила ја растовара стоката или ја отвара, да плати казна од 500 перпери.**“[135]

[132] Ibid, str. 92

[133] М. Динић, За хронологију Душанових освајања византијских градова, Зборник РВИ 4, 1956 стр. 1-11

[134] Ibid, str. 169

[135] Ђ. Бубало, Душанов Законик, Београд 2010 стр. 192

Овој член се однесува конкретно на трговците кои доаѓале од источниот брег на Јадранот, посебно Дубровчаните. Утврдена била сигурност и безбедност на трговците во царската земја, гарантирана и во повелбите од царот и неговите предходници во корист на Дубровчаните и трговците од другите приморските центри кои имале трговски интереси во Србија. Трговците биле заштитени од вознемирување, крадење на стоката, насилно продавање по ниски цени, растоварање и отворање на стоката.

Член 119: „ **Трговци со скерлет (термин за разноврсна ткаенина со најфина изработка во темноцрвена и пурпурна боја), со ситна и крупна стока да одат без вознемирување по царската земја, да продаваат и купуваат по своја волја, спрема понудата и потрошувачката.**"[136]

Со овој член се гледа дека царот не им забранувал која стока колку на кој начин ќе ја продаваат во неговите земји. Дури следувале казни ако некој ги вознемирува или поткраднува, уценува и слично. Трговците имале потполна слобода на овие простори тука увезувале разновидна стока од разни мироди, мириси, вино, шеќер, јужно овошје, производи од стакло и од нив зависело дали својата стока ќе ја продаваат на големо или мало.

Член 120: „ **Цариник во српските земји нема право да го вознемирува трговецот или задржува и стоката што ја продавал да му ја обезвредни. Слободно да поминува секој трговец и слободно да се движи со својата стока.**"[137]

Тука конкретно се мисли на цариник чиновник на владетелот кој во негово име ја наплатувал таксата од трговскиот промет-царината. Постоеле две категории на царина за продавање на стоката. Едната се однесувала за наплата на продадена стока и царина на непродадена стока кога трговецот ја напушта земјата.

Член 121: „ **Благородникот немал право да ги задржува или спречува своите луѓе или другите трговци да не одат во царските трговски центри, туку да оди секој слободно кај што сака по своја волја.**"[138]

[136] Ibid, str. 193

[137] Ibid, str. 193

[138] Ibid, str. 194

Член 122: „ **Ако благородникот го задржи трговецот, како казна да плати 300 перпери, ако цариник задржи трговец, да плати казна од 300 перпери.**“[139]
Од овие два члена јасно се гледа дека трговците имале потполна слобода, неговиот избор се почитувал.

Казниво било доколку се врши притисок или тормозење на трговецот.

Член 153: „ **На иноверците и на трговците во судски спорови да има половина Срби, а половина од нивната заедница по Закон на Светиот крал.**“[140]
Овде се мисли на еднаков број поротници или судии кои го водат одредениот случај и заедно да донесат одлука во дадениот спор. Иноверци се мисли на католичко и друго население кое не било православно.

Член 159: „ **Трговец кој поминува во текот на ноќта и му треба преноќиште ако не го пушти управителот или господарот на селото да преноќи таму, според Законикот ако нешто изгуби трговецот, тој господар или управител на селото сета штета да ја плати бидејќи не му дал засолниште на трговецот.**“[141]
Според овој член се гледа дека сигурноста и безбедноста била важна појдовна точка во Законикот на сите луѓе кои поминувале низ територија на овие земји, а најмногу се однесувало на трговците. Господарот или управителот на селото носел секаква одговорност, доколку не го пуштел трговецот да преноќи во неговото село, па му ја надоместувал штетата бидејќи луѓето биле оставени на милост и немилост да преноќат на улица, без заштита и покрив над глава.

Ова се конкретно членовите од Законикот на царот Душан кои дирекно се однесуваат на трговците кои ги посетувале неговите земји. Меѓу другото, цар Душан како и неговите предходници земале висок данок од Дубровчаните, т.н. „светодимитарски данок “. Од истиот биле задоволни и немало потреба од ограбување на стоката, запленување или непуштање на дубровничките трговци низ српските земји.[142]

---

[139] Ibid, str. 194
[140] Ibid, str. 208
[141] Ibid, str. 210
[142] М. К. Ивановић, Прилози за историју царина у средњовековним српским државама, Споменик САН XCVII, 1948, стр. 26

За овие неприлики често посредувале и венецијанските пратеници. На царот Душан му било криво кога Дубровник го презел островот Мљет, но сепак ја продолжил соработката под иницијатива на Венеција. Исто така, Дубровчаните му пратиле галија на српскиот цар откако се крунисал во 1346 година во Скопје, неговите пратеници да заминат во Венеција на преговори за склучување на мир меѓу Венеција и Унгарија.[143]

По смртта на царот Душан српската држава ослабнала. Во времето на царот Урош V (1355-1371) Дубровник успеал да ги добие спорните области во Астареја со посебна повелба од 25 април 1357 година.[144]

По склучување на Задарскиот мир 18 февруари 1358 година со кој Венеција ги изгубила своите привилегии во далматинските градови, како и во Дубровник, почнала нова историска епоха во развој на Дубровничката Република која од овој период станала вистинска соперничка на својата некогашна господарка. Големиот совет донел значајни одлуки по новонастанатата ситуција. Прво требало да се формира тело од три ректора наместо кнез и за време од два месеца да се испрати делегација од Дубровник во посета на унгарскиот крал Лудовик I.[145]

Преку своите пратеници Дубровчаните ги изразиле и своите желби, пр: да се потчинат под власта на унгарскиот крал, да му пружат воена помош кога ќе затреба, но барале да им ја признае автономноста и правото на територии до Цавтат, острови Мљет и Ластово, сите приходи да бидат во касата на Општината, Дубровчаните да му плаќаат годишен данок на унгарскиот крал и самостојно да си го управуваат градот и да ги штитат своите ѕидини.

Унгарскиот крал на овој акт од Дубровник одговорил вака: да се полага заклетва за верност кон кралот и неговите наследници, на копно и море да се вее знамето и грбот на Унгарското кралство, воена поддршка за кралот со една подготвена галија доколку војува со некој од далматинските градови, годишен данок од 500 дукати, им ги признал териториите од Курил до Стон, ако ги одбрани од српските или босанските напади, Дубровчаните да му платат 2500 перпери, 2000

[143] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 97
[144] Ibid, str. 94
[145] Ibid, str. 132

перпери кои ги давале на српскиот владетел и 500 перпери кои ги земал босанскиот владетел, кнезот да биде личност верна на унгарскиот крал.[146]

Но унгарскиот крал по убедување на дубровничките пратеници одлучил тие самите да го поставуваат кнезот, а тој само ќе ја потврдува нивната одлука, да бидат доверливи личности од самата Општина, мандатот им бил еден месец и не им забранувал да имаат трговија со земјите со кои војувала Унгарија и во мирно и во време на војна Дубровник можел да си ја врши својата трговска дејност.[147]

Останале три органи на власт како и во предходната ситуација: Големиот совет, Совет на замолените и Мал совет. Во Голем совет влегувал секој полнолетен благородник и тие ги бирале претставниците за Мал совет и Совет на замолените.[148]

Имало т.н. провисорес (провидници) чија должност била да го контролираат правилниот тек на спроведување на закони во Дубровник. Освен Статутот од 1272 година била напишана и Книгата за сите реформи од 1358 година, Зелената книга (закони прифатени заклучно до 1460 година) и нов Царински законик-1413 година. Да споменеме дека Дубровник почнал од XIV и XV век да отвара свои конзулски служби, односно конзулати за решавање на судските спорови меѓу дубровничкото население и тамошните власти, претежно онаму каде имало присутство на Дубровчани во Србија, Византија и сл.[149]

Судирот меѓу Ценова и Венеција, поради островот Тенедос во Егејското Море 1378-1381 година се одразил и во Дубровник. Воедно тој претставувал упориште на ценовјанската флота бидејќи Ценова била во сојуз со Унгарското кралство по заповед на хрватско-далматинскиот бан и Дубровник морал да се вмеша и подготвил една галија. Иако Дубровник немал последици од оваа војна, сепак се почуствувала економската стагнација по Јадранското Море кое го погодила и него.

Во времето на самостојните држави на местото на некогашната српска држава, поистакнат феудалец и близок соработник на цар Душан бил Димитрија Волкашин, кој се споменува како совладетел на српскиот цар Урош V.

---

[146] Ibid, str. 133
[147] Ibid, str. 136
[148] Ibid, str. 137
[149] Ibid, str. 138

Волкашин имал одлична соработка со Дубровник, тоа се потврдува со издадена повелба од 5 април 1370 година во која Волкашин се именува како крал и господар над Србите, Грците и западните страни и со тоа им ги потврдил сите привилегии кои ги уживале Дубровчаните во времето на царот Душан и предходните српски владетели.[150]

Таа повелба се чува во Дубровничкиот архив во оригинал со печат. Пратениците од дубровничката Влада му ја покажале на кралот Волкашин Повелбата од цар Душан и други владетели пред него. Запознавајќи се со предходните хрисовули, повелби и документи кои им биле дадени на Дубровчаните, крал Волкашин им ги потврдил и на своите наследници им потенцирал да ги почитуваат и потврдуваат.

„ **Во однос на тоа, дојдоа во кралството мое сакани пријатели, благородништвото на славниот град Дубровник, Мишо Бобаљевиќ и Јаке Соркочевиќ и донесоа хрисовула од господин цар Стефан....и виде кралството мое повелби од порано кои им потврдувале со хрисовули и закони на град Дубровник и согласно на тоа кралството мое не ги погази нивните договори, туку повеќе ги поврдило привилегиите, цврсто и непоколебливо до векот како што запишале цар Стефан така и кралството мое ги потврдува....**“ [151]

Оваа ситуација во српската држава, посебно по Маричката битка 1371 година, загинувањето на кралот Волкашин и неговиот брат деспотот Јован Углеша и смртта на царот Урош V во истата година, значително влијаеле за намален интензитет на дубровничката трговија. Што се однесува за периодот по Маричка битка, 1371 година, треба да споменеме дека неуспехот во овој потфат лежи токму во неединството на балканските држави, како што вели Константин од Островица: **„ Знајте дека сите тие неверници (Османлиите) се силни и храбри, не сами по себе, туку поради нашите несогласувања, ние со нашата взаемна омраза и непријателство им ја даваме победата.**“[152]

---

[150] Љ. Стојановић, Старе српске повеље и писма, књ. I, Београд-Сремски Карловци 1929 стр. 116 Види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 204

[151] С. Ћирковић, Повеља Краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијих српских владара, Брод у Поречи, 5 април 1370г. Стари Српски Архив књига 4 (2005) стр. 161

[152] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 224

По 1371 година кралот Марко го среќаваме на политичката сцена како наследник на Прилепското Кралство, но и на Серската Држава. Имал истакната политичка функција уште во 60-тите години на XIV век како пратеник во склучување на мирот меѓу српскиот цар Урош V и Дубровник. Најверојатно Марко имал своја територија во 1356 година повикувајќи се на податокот дека имал депозит во Дубровник.[153]

Но и покрај активната политика што ја водел Марко, не успеал подолго да ги задржи териториите оставени од татко му и чичко му. Најголем дел од феудалците, бивши вазали на Волкашин и Углеша, се одвоиле од Марко и започнале самостојно да владеат со своите области. Во таа борба кој повеќе да освои од останатата територија на Волкашин и Углеша, зеле учество повеќе феудалци, меѓу кои претставниците на семејствата Бранковиќ, Балшиќ, кнез Лазар, па дури и Византија. Најверојатно тој си ја прифатил наследената кралска титула од неговиот татко и владеел со Прилепското Кралство, но и со Серска Држава, која ја добил во наследство.

Првин од Маркова власт се отцепила Серската Држава која била освоена од Византија, потоа кнез Лазар му ги одзел Приштина и Ново Брдо, Балшите му го зеле Призрен, Андреј Гропа се осамостоил во Охрид. На териториите источно од реката Вардар, Куманово, Штип, Велбужд, Кочани, Прешево, Струмица завладеале самостојно Константин и Јован Драгаши, синови на севастократорот Дејан. Српските феудалци и црквата од матичните српски земји не го сметале Марко за српски крал, туку крал на македонската територија. За тоа сведочи и фактот што тие во 1377 година му дозволиле на Твртко I да се круниса за српски крал со старата српска круна, што значи дека круната на кралот Волкашин и Марко не била српска.[154]

На ова крунисување Марко не се спротиставил, најверојатно не сé сметал себе-си за српски крал, туку за независен крал кој владеел со Прилепско Кралство во Македонија.

---

[153] Е. Наумов, Сведоштва од историските извори за Крали Марко ( Во периодот на распаѓањето на Српско-грчкото царство 1356-1371 ) спис. Историја бр. 1 Скопје 1983 стр. 125-146 За ова коментар дава и К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 240

[154] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 204 Спореди: С. Ћирковић, Историја средњовековне босанске државе, стр. 135-139

Од голема важност е да споменеме дека државата на Драгашите дала голем придонес во развој на политички превирања на Балканот, посебно во делот каде што била основана-источните делови на Македонија. Државата на Драгашите се појавила на политичка сцена по Маричка битка 1371 година.

Во периодот на осумдесетите години на XIV век, Константин Драгаш за да ја сочува својата држава, прифатил да му стане вазал на султанот Мурат I. Овој период сигурно се поклопува со освојувањето на Сер од Османлиите 1383 година и нивно постепено навлегување во денешните источни делови на Македонија. Во ист период најверојатно и кралот Марко станал вазал на Османлиите, ги сочувал малкуте територии што му останале во рамки на Прилепското Кралство.[155]

Покрај внатрешните немири и судири, Дубровник настојувал да одржува трговски врски со српските државички и при тоа да придобие некои од поистакнати феудалци кои управувале со нив.

Господин Костадин, 1395 година, Повелба за верност и пријателство кон Дубровчаните.

„ **Господин Костадин ги известува градот Дубровник и сето благородништво на почитуваниот град Дубровник...Од денешен ден па натаму да бидат пријатели со град Дубровник...да ги прима во своја земја, но и во туѓи земји каде што може да им помогне....и по мои земји да си одат тие слободно без задржување и без плаќање на царини**....“[156]

За нас најинтересен е воспоставениот однос меѓу Дубровник и државата на Вук Бранковиќ. Тој ги управувал териториите на денешно Косово со центар во Приштина, вклучувајќи ги и северните делови од денешна Македонија со Скопје.[157]

Тој им издал повелба за слободна трговија на дубровничките трговци низ неговата држава.

Деспотот Вук Бранковиќ околу 1389 година, Повелба за привилегии на Дубровчаните.

---

[155] Историја српског народа II, Београд 1982 стр. 21

[156] Ibid, str. 210

[157] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 259

**„ Да сме пријатели на општина Дубровник во секое време. И први договори кои сме ги запишале тогаш ние не го менуваме тоа што сме го потврдиле додека сме живи....“**[158]

По падот на балканските земји под османлиска власт, како и повеќе српски држави кои станале дел од Османлиска Империја или нејзини вазали, го довеле и Дубровник во непосреден допир со Османлиите. Зборувавме веќе за периодот по Косовска битка 1389 година. Вук Бранковиќ дури го оставил својот депозит во Дубровник, земал и дозвола од Дубровчаните во случај на опасност него и неговото семејство да го засолнат во градот. Дубровчаните го прифатиле нивното богатство и семејството на Вук Бранковиќ.[159]

Вук Бранковиќ ковал свои монети, и тоа имал околу 17 разновидни монети. Она што било пронајдено во изминатиов период може да се клацифицира во три групи. Во прва група на монети е претставен Вук Бранковиќ како вазал на кнез Лазар. Во втора група на монети е преставен светец или владетел како стои. Во оваа група би припаѓал и типот со повеќереден натпис. Во трета група на монети спаѓаат оние со натпис во два реда. Тука би спаѓале и оние монети на кои се претставени Св. Стефан, лав, штит и сл.[160]

Главна емисија на монети на феудалецот Вук Бранковиќ претставува динар со приказ на Исус Христос на престол и господин кој стои и држи скиптар. По оваа емисија на монети следувала онаа емисија на монети со повеќереден натпис „ВЛКОВЬ ДИНАРЬ“ или со едноставен натпис „ВЛЬКЬ“.

Ковање на монети на Вук Бранковиќ се поврзува и со ковачницата во Скопје, кое во период по 70-тите години на XIV век било управувано од него сѐ до 1392 година кога било освоено од Османлиите. На една од монетите е претставен Исус Христос на престол и Св. Стефан кој држи кандило и евангелие. На другите монети кои се најдени е преставен Исус Христос кој седи на престол со двореден натпис.[161]

---

[158] Ibid, str. 208

[159] И. Божић, Неверство Вука Бранковића, Београд 1975 стр. 235

[160] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, стр. 168

[161] Ibid, str. 169

Во периодот на 1395-1396 година во три наврати го однел своето богатство во Дубровник сè до 1401-1402 година. Преку посредништво на Стефан Лазаревиќ Дубровчаните добиле привилегии од Османлиите да вршат слободна трговија низ нивна територија, иако тие предходно соработувале со султанот Орхан во Мала Азија. Веќе од 1396 година им било дозволено слободно да ја вршат својата трговска дејност низ балканските земји освоени од Османлиите.[162]

Во 1392 година кога Скопје било освоено од Османлиите, а за наместник на градот бил поставен Јигит-паша. Дубровник воспоставил соработка со пашата поради нивната постојана трговска активност на подрачје на Скопје бидејќи тоа бил простор на патот од Истокот кон Западот и северните делови на Балканот.[163]

Дури претставниците на османлиските власти им го простиле третиот дел од царината, па тие можеле да тргуваат без поголеми пречки низ османлиската држава.

[162] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, str. 162
[163] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 240

Глава V

# ЕКОНОМСКИТЕ ВРСКИ МЕЃУ ДУБРОВНИК И МАКЕДОНИЈА

## 1.УПОТРЕБАТА НА ДУБРОВНИЧКИТЕ МОНЕТИ И МОНЕТИ НА ЛОКАЛНИ ФЕУДАЛЦИ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIV ВЕК

Во текот на повеќе векови голем дел од трговијата што ја вршеле земјите од Балканскиот Полуостров со надворешниот свет се одвивал преку западниот, далматинскиот брег, така што улогата на самите Далматинци во ваквата размена е огромна. Во историографијата расне интересот токму за развојот на стопанската историја во доцносредновековна Далмација, која во подолг временски период се наоѓала под власта на Венеција.

Пред сè интересен е односот меѓу дубровничките трговци и останатите далматински трговци и населението на Балканот. Токму за овој аспект историчарот М. Фрајденберг расправа во својата статија за застапеноста Далматинците во балканската трговија XIV и XV век. Во 1358 година бил склучен Задарски мир, со кој градовите се ослободиле од власта на Венеција и добиле слободен и самостоен статус, но истовремено влегле во период на бурен стопански подем.

Од средината на XIV век економскиот живот во приморските градови на северна Далмација е во подем, што овозможи проток на луѓе и на финансиските средства во соседните словенски земји. Поморските жители се населувале по градови или во населби од градски тип, на пример во близина на рудници.

Ако нè интересира прашањето за бројноста на далматински трговци на македонска територија, со тоа се занимавал С. Антолјак. Истиот податок го имаме и во статијата на М. Фрејденберг. Според него Далматинците кои претстојувале во Скопје, во текот на XIV век биле 80 луѓе од кои „ чисти “ Дубровчани биле 51 човек. Според негово мислење, тоа било ¼ од сите дубровнички трговци кои биле активни во тој период.[164]

[164] М. Фрејденберг, Далматинците во балканската трговија од XIV-XVI век, Историја, XX/2, Скопје 1984 стр. 369

Според Ј. Тадиќ во период на населување на Османлиите на Балканот биле присутни 30-40 дубровнички колонии во кои живееле 300-400 луѓе.

За жал, имаме малку податоци за профитот кој го остварувале дубровничките трговци. Се забележува во трговските книги дека увозот на сребро од балканските земји во Дубровник изнесувал 4-5 % , а во Венеција до 10 %. Според трговската книга на браќата Кобажиќ, тие правеле три тури годишно на увоз на сребро. Дубровничките трговци според тој податок годишно имале 30 % профит од среброто, но за приход на другите стоки нема споменато, а посебно за восокот кој бил исто така баран на пазарот.[165]

Многу интересен податок наоѓаме во статија на М. Поповиќ за одржување на „панаѓурите" на странските трговци во Македонија. Некои од авторите ги третираат како саеми каде за време на одреден верски празник покрај манастирски и црковни дворови се одржувале вакви саеми кои траеле од три до 25 дена. Саемот ги спојувал основачот, потрошувачот и трговецот да се сретнат на одредено место, и на одреден датум и да комуницираат едни со други во тој одреден период. Саемите најчесто обединувале различни луѓе од различни региони кои во текот на годината не биле во можност да се видат едни со други.[166]

Грчкиот термин за саем е „ панегирис ". Оваа статија нѐ наведува да се фокусираме на „ саеми " како религиозно-економски институции, и урбано економски центри во доцно-византискиот период. Што се однесува за македонската територија во средниот век, прв саем бил во манастирот „ Св.Ѓорѓи " во близина на Скопје. Манастирот добивал приходи од своите т.н. свети епископи во селото Брод, што е најверојатно идентично со денешниот град Македонски Брод (околу 55 км југозападно од Скопје). Селото се протегало на брегови на река: „Велика река".[167]

---

[165] Ibid, str. 371

[166] M. Popović, New insights into the history of Balkan fairs in the historical region of Macedonia (13 th-19 th centuries), Bulgaria Mediaevalis volume 2/2011 Sofia str. 758

[167] Ibid, str. 760

Имало саеми во селото Брод на 8-ми септември според Јулијанскиот календар, односно на денот на раѓањето на пресвета Богородица. Саемите обично се одржувале во недела.[168]

Очигледно е дека постоела јасна разлика помеѓу термините саем и пазар. Саемот бил привремен настан наспроти пазарот кој бил тековен. Саемот би можел да прерасне во пазар кој како последица може да ја зајакне економската сигурност. Во 1300 година српскиот крал Стефан Урош II Милутин издал повелба за привилегите и имотите на манастирот „ Св.Ѓорѓи “. Имено, според одредбите кои се издадени од страна на српскиот крал, им се давало обврски на оние кои го посетиле саемот: Грци, Бугари, Срби, Латини, Албанци и Власи дека морале да платат за учеството на игуменот на манастирот „ Свети Ѓорѓи “, слично како на саемите во Тетово и во Грачаница.[169] На саемот биле продавани вино, леб и месо исклучиво со дозвола на игуменот. Стефан Урош II Милутин ја потврдил посетата на саемот во селото Брод на 8-ми септември во недела. Следниот саем се одржал во градот Прилеп околу 70 километри јужно од Скопје, кој бил потврден од страна на српскиот крал Стефан Урош IV Душан во манастирот „ Трескавец “, поточно 6 км северно од Прилеп во 1334-1335 година.

Областа во која се одржал саемот се нарекувала панигириште, односно и се наведува дека саемот се одржал на светиот ден на свети Димитриј, односно на 26-ти октомври според Јулијанскиот календар. Интересен е фактот дека во оваа повелба за прв пат се споменува пазарот во Прилеп, кој сведочи повторно за соживот на саемот и на пазарот во исти град, како во случај со село Брод. Прашањето кое се наметнува е дали може да се подвлече јасна граница на економски интереси помеѓу Дубровник и византиски трговци во историски регион на Македонија во согласност со мислењето на Јиречек. Ова би значело дека дубровничката економија успеала да стигне до јужниот дел на границата на денешно Косово оставајќи го Скопје и териториите на југ на византиска економија. Од горниот цитат врз основа на пишаните извори, венецијански и дубровнички

[168] Ibid, str. 760

[169] Грамотата ја издале: С. Новаковић, Законски споменици, стр. 606-621 Види: (Соловјев, Одабрани споменици стр. 69-82, Грујиќ, Три Хиландарске повеље, Зборник СНД Скопје, стр. 5-24 ) Грамота на крал Милутин, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975 стр. 236

субјекти биле навистина економски активни во историски регион на Македонија во текот на XIV век.[170]

Од голема важност токму за оваа проблематика е и Одредбата за одржување на годишен панаѓур на денот на црковната слава, обврска на игуменот за фиксирање на местото за панаѓур и за правото да се зема царина од секој човек што ќе дојде на панаѓур, без оглед на неговата национална припадност. Овде терминот царина се третира во значење на такса со вообичаен размер определен за панаѓурите во Тетово и Грачаница.[171]

Заслужуваат внимание и одредбите во Константинова и Милутинова грамота за панаѓурите. Милутинова грамота под ист термин третира две различни институции-постојаните пазари и годишните саеми (панаѓури) во денот на црковната слава, додека Константинова грамота го третира називот панаѓур само во второто византиско значење, разликувајќи го од редовниот пазар.[172]

Во 1318 година венецијанската власт се пожалила на еден пратеник на српскиот крал Стефан Урош II Милутин дека златарот наречен Бласиус бил затворен во тврдината во Скопје десет месеци под тешки услови и притисок. Три години подоцна (1330 година) на венецијанските трговци им била дадена дозвола за безбедно однесување и слободна трговија во Рахија (Рашка), со исклучок на Бугарија од страна на српскиот крал Стефан Урош III Дечански. Во 1333 година човек со име Младен, кој бил чувар на тврдината во Скопје, зел 50 монети од Дубровчанец со име Храноје, што довело до истрага од страна на дубровничките власти. Во 1373 година транспортот на стоки припаѓал на дубровничкиот трговец наречен Јуније. Важна стока во дубровничката трговија била волната. Волната се увезувала од Бугарија, Србија и Македонија, особено жолто обоената волна од Скопје. [173]

---

[170]M. Popović, New insights into the history of Balkan fairs in the historical region of Macedonia (13 th-19 th centuries), Bulgaria Mediaevalis volume 2/2011 Sofia str. 761

[171] Грамотата ја издале: С. Новаковић, Законски споменици, стр. 606-621 Види: ( Соловјев, Одабрани споменици стр. 69-82, Грујиќ, Три Хиландарске повеље, Зборник СНД Скопје, стр.5-24 ) Грамота на крал Милутин, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975 стр. 236

[172] Ibid, str. 236

[173] Ibid, str. 763

Всушност, дубровничките трговци патувале во целиот историски регион на Македонија: од Скопје на север, до Солун во јужниот дел во период помеѓу XIV и XVII век. Во писмото до дубровнички власти во 1320 година по повод исплата во чест на празникот Свети Димитриј, српскиот крал Стефан Урош II Милутин повикал трговскиот град да го предаде во „ добри пари “ во неговото царство не во „ лоши монети “ бидејќи Византијците не прифаќале „ лоши монети “. [174]

Од вакви податоци треба да се подразбере дека постоеле редовни трговски врски помеѓу српската средновековна држава и византиските трговци. Според повелбата издадена од Стефан Урош II Милутин во 1300 година, Византијци учествувале на саемот на манастирот „ Свети Ѓорѓи “ во близина на Скопје.

Кога веќе коментираме за постоење на вакви панаѓури, треба да се осврнеме уште на една важна компонента, за одвивање на трговијата, а тоа се самите патишта низ кои поминувале дубровнички, венецијански и други странски трговци на македонска територија.

Еден од покарактеристични патишта била маршрутата од Охрид-Струга-Дебар-Полог-Скопје; тргнувајќи кон исток, патната комуникација врвела од Охрид-Битола-Лерин-Острово-Воден-Солун. Во внатрешноста на македонската територија главно патната мрежа одела во правец Битола-Прилеп-Стоби-Вардарска долина или од Прилеп-Брод-Кичево-Дебар. Се користел патот Прилеп-Плетвар-долина на Црна Река-Тиквеш. Секако најголемо значење имала некогашната магистрала патот Виа-Егнација, која го поврзувала Битола и Охрид со Солун од римскиот период во Македонија. Патот Виа Милитарис, кој водел од Белград на север, преку Моравска долина, Вардарската Долина кон југ, сѐ до Солун.

Патувале со помош на дрвени двоколки, подоцна и кочии од XVI век. За влечење на запрежни коли се користел добиток, пред сѐ коњи, магариња, камили, волови и мазги. Претежно овие животни кои можеле да носат товар на самарите и можеле да се искачуваат по колските патишта.[175]

Дубровничките трговци имале големо влијание на пазарот во балканските земји, посебно за занаетчиството, пр: текстилци, шивачи, златари, кожарци, развој

---

[174] Ibid, str. 764

[175] Г. Шкриванић, Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974 стр. 78

на оружарство во Србија и слично и биле конкуренти и на домашното производство на пазарот на Балканот.

Извезувале воловска, биволска, телешка, козја кожа која често барала доработка, но понекогаш наоѓале и фино обработена средена обоена кожа викана: „кордован“, „сафјан“, „улгаро„. Се извезувало и крзно-овчо, мечкино, волчо и лисичино.[176]

Забележливо место во балканскиот извоз зазема волната и восокот, додека грубиот рачен шајак (склавина), толку баран во XIII и XIV век, отстапува на заден план.

Трговците од Дубровник дејствувале заедно, здружено поради обезбедување на финансиските средства за инвестиции, како на пример отворање на топилници на руда, купувале или земале под наем права на рударски окна, сѐ со цел за извоз во Дубровник и италијанските градови, посебно Венеција. Освен тоа, во текот на овој период спровеле кредитирање на цели селски населби, па и на самите граѓани. Економската сфера во Србија била тесно поврзана со економската развиеност на Дубровник. Колку повеќе била застапена концесија над рудниците и кредитирањето на граѓаните, толку повеќе бил голем профитот и на Дубровник и на Србија. Сите Дубровчани населени во колонии, особено во македонските краишта започнале да се орентираат на купување производи од месните жители.

Според Ј. Тадиќ, во мирно време Дубровничката Република од Балканот извезувала стока во износ од 200 илјади дукати, увезувала за 150 илјади дукати.

Сведоштвата за Дубровчаните и нивното присутство се забележани во Нови Пазар, Скопје, Софија и Белград. Тие се третирале како составен дел на градското население : Срби, Бугари, Грци и Турци.[177]

Тие не тргувале само во Македонија, туку пр: во Скопје купувале огромни земјишта во околината и одгледувале лозја кои им ги обработувале робови.

Кога во XIII век во држава на Немањиќ отпочнало ковање на сребрени монети, перперата станала фиктивна сметковна единица од вредност на 12 динари. Преземена од Дубровчаните како таква се јавува во пишаните српски споменици редовно од времето на крал Милутин. Ниту во државна благајна, ниту во промет

---

[176] Р. Ћук, Извоз свиле из Дубровника у Венецију у XIV веку, Историјски часопис XXVIII, 1981 стр. 17-25

[177] М. Фрејденберг, Далматинците во балканската трговија од XIV-XVI век, стр. 376

не се сметало во сребрените динари, туку само во перпери, еден перпер имал вредност 12 динари.

Перпери ги сретнуваме во Законикот на цар Душан во 17 закони кои се однесуваат конкретно на плаќање казни, глоби за разни престапи за размена на подароци за царинските такси и сл.[178]

Има еден интересен податок кој се поврзува со наплаќање на извршена дејност во сребрен накит. Тоа го викале примитивно работење со сребро и таков пример среќаваме во период на крал Милутин кој ги повикал солунските мајстори Михаил и Евтихиј да ги насликаат фреските во манастирот „ Св.Ѓорѓи " во Старо Нагоричани во 1317/18 година. На фреските го пренеле токму тој момент при предавството на Јуда: наместо 30 сребреника биле насликани сребрени алки, помали и поголеми. За време на своето постоење српскиот динар постојано тежнеел кон опаѓање. Поаѓајќи од првобитната тежина на српскиот динар 2,178 во време на Српското Деспотство, вредноста на монетата варирала од 0,39-1,20-1,00 г.

Причинители за опаѓање на српската монета биле многубројни, меѓу кои едната била побарувачката за сребрените монети, потреба од прилагодување на системи на околни држави. Српскиот динар доживеал три поголеми реформи во однос на вредноста на монетата. Во времето на цар Душан во 1348 година се презеле активности за стабилизирање на националната валута. Старите динари од времето на кралскиот период чија тежина била меѓу 2,12-0,96 г. преработени се во царски монети со просечна тежина 1,5 г.[179]

Со Законикот од 1354 г. дополнет на Соборот во Сер царот вовел строги казни за фалсификување на динарот. Уште две реформи претрпел српскиот динар во времето на деспотот Стефан Лазаревиќ, кој трипати повеќе ја зголемил тежината на динарот од 0,40-1,20 г.

Толкава доминација на дубровничките трговци на територија на Балканот може да се објасни со низа околности, пр:

-Огромна улога има географската положба на Дубровник, близината со копнени трговски патишта низ Балканот;

---

[178] Ђ. Бубало, Душанов Законик, стр. 180

[179] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, Београд 2001 стр. 118

-Не смееме да заборавиме на комуникацијата на Дубровчаните низ текот на столетијата;

-Патрициски семејства кои ги чувале трговските тајни и им ги оставале во аманет на свои поколенија, посебно за карактер на еден народ или нација, етнос на балканскиот простор;

-Познавање на пазарна конјуктура лични врски и познанства;

-Социјално-психолошки особини на Дубровчаните со кои тие секогаш се разликувале од жителите на други приморски градови;

-Издржливост, упорност, работа и енергија.[180]

Во времето на османлиското владеење статусот на Дубровник бил: бенефицирано комерционално оданочување со кое Дубровчаните се здобиле со намалување на царината, плаќање едновременски износ – „ѓумрук", со што тие си обезбедиле предност во конкурентската борба.

Ако ја земеме во обзир географската положба, богатството, суровините, земјоделското производство, сточарство, рударство, направиле трговијата од локално ниво во Македонија, да се вклучи во меѓународните текови. Во тој процес посебно придонел развојот и оживувањето на рударството во Македонија. Дубровчаните биле најактуелни во внатрешноста на Балканот, за разлика од другите приморски градови.

Тие учествувале во организација на рударското производство, закуп на царина, вовлекување на цели села во трговскиот промет. Населби на Дубровчаните настанале и се разликувале од останатите градови во Македонија, и имале свои обележја. Размената што ја правеле Дубровчаните со надворешниот свет во толкава мера зависела од нив и секое повлекување на дубровничките трговци од градовите низ Балканот поради спорови политички конфликти, негативно се одразувало на државата на економски план.[181]

Дубровчаните биле одговорни, педантни, јасни, воделе сметка за сè, од обична евиденција до сметководство. Трактати за трговија и воспоставените правила, во работењето без отстапки барале водење на пишана евиденција за сите

---

[180] Ibid, str. 377

[181] Ђ. Бубало, Писана реч у српском средњем веку, Стубове културе, Београд 2009 стр. 157

работи и елементи во процесот на трговијата. Потребата за редовно водење администрација била условена со сложената техника на работење која вклучувала и парична трансакција, кредитирање, здружување во трговските друштва, ангажирање на посредници и пренесување на стоката до подалечни и прекуморски дестинации.[182]

Основен вид на пишаната евиденција за трговија било како и денес книговодството, т.е. редовно бележење на: сите набавки, расход-приход, продажба, долгови во трговските книги нарекувани на латински јазик-quaterni, quaderni.[183] Сепак, трговските книги биле приватна сопственост и се сочувани во мал број. Трговците често настапувале како банкари, позајмувале пари, но имало случаи кога една личност била и кредитор и должник.

Покрај деловна книга, како основен вид на пишана евиденција во трговија се користеле и други разни видови на документи. Поширока документација поседувале трговските друштва за склучување на договор за основање на друштво за должници, сметки, потврда за продажба на стоката, наплаќање на долговите, попис на стоката, преписка помеѓу ортаците и деловните соработници до договор за намирување на сметки издадени кога се раскинува партнерството, пренесувањето на мениците за пари на поголема оддалеченост. Трговскиот успех кој бил најважна причина за трајната присутност на Дубровчаните во Македонија, биле само еден од начините кои на македонското тло пренесувале обичаи и правила на пишан формализам во правно-деловни односи.

Во тој процес од голема важност била појавата на Дубровчаните кои во најважните градови основале трајни и многубројни населби –колонии со висок степен на автономија. Таквата положба не произлегувала само од нормативни одредби на земјата- домаќин која им признавала посебен статус, туку и од нивното настојување да живеат на туѓо тло уредно според сопствени мерки, ограничувајќи се со врската кон домашната администрација и правниот систем. Привилегираниот статус и персоналните права не биле во изолација во однос на средината во која

182 Ibid, str. 158
183 Ibid, str. 158

привремено живееле. Секако, имале допирни точки со домаќините: јазик, кирилично писмо, пишана документација.

Основни права на Дубровчани низ земјите на Србија ( во Македонија) било потпишувањето на меѓународни договори, свечени привилегии кои ги издавале владетелите на државите.

Дубровчаните имале свои конзули во земјите каде им претстојувале нивните трговци, а тие пак имале нотар и судски колеги-двајца судии и конзул кои најчесто биле од благородничко потекло.

Пример за ова е дозволата на кнез Лазар во 1387 година Дубровчаните самостојно да си ги водат судските парници. Во меѓувреме Голем совет донел закон за автономно работење на судовите. Со овој закон прецизно била регулирана обврската на конзул и судија да водат пишана евиденција за секоја парница-најчесто во врска со наплата на долг. За таа дејност требало да имаат книга-quaternitus во која конзул или некој од судиите ги внесувал податоците во текот на самата парница. Се правел и записник кои страни се тужат, име на сведоците, нивните изјави, докази, искази и сл.[184]

Од горенаведеното заклучуваме дека навистина Дубровчаните биле најдоминантни трговци на територија на српските земји со своите концесии преку колонии, населби, трговската евиденција која ја воделе уредно.

Браќата Волкашин и Углеша традицијата ги поврзува со повеќе места на Балканот-Зета, Срем, Далмација, Херцеговина, Прилеп. Има повеќе податоци, но со сигурност се укажува на фактот дека околу 1350 година Волкашин се среќава како жупан во Прилеп.

Во 1345 година со средствата на Волкашин започнала изградба на црквата „Св.Димитриј " во село Сушица, Скопско (денес „Марков манастир"). Х. Матанов претпоставува дека Волкашин уште како жупан во Прилеп ковал свои монети заедно со деспот Јован (се мисли на Јован Оливер или Јован Комнин Асен).[185]

Според Аџиевски, Волкашин уживал извесни привилегии, се упатува на сознанието дека ковал заеднички монети со деспот Јован Оливер, сигурно еден од

---

[184] Ibid, str. 161

[185] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 159 Поопширно кај К.Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 212

најмоќните феудалци во Српското Царство, кој ги имал териториите источно од реката Вардар, во непосредно соседство на Волкашин.[186]

До сега е пронајден еден примерок од нивните заеднички монети кој се чува во Национална библиотека во Париз, а најверојатно биле ковани во мало количество. На аверсот на горен дел од монетата се наоѓа името на деспотот Јован, а под него во долен дел стои името на Волкашин.[187]

Оваа монета има големо значење за раната дејност на Димитрија Волкашин, неговиот статус во српското царство, како и политичката улога која ја имал.
На заедничките монети се наоѓало името и на српскиот цар Стефан Душан. Во дубровничките документи за Волкашин и за неговиот син Марко за прв пат се споменува во јули-август 1361 година. Од записите на дубровничкото собрание од првата половина на 60-тите години на XIV век се гледа дека Волкашин уште тогаш бил третиран како доста влијателна политичка личност.[188]

Во дубровничката архива во 1361-1362 година тој секогаш се споменува заедно со царица Елена, што претставува доказ дека неговото издигнување било поврзано со земјите на југ и со благонаклонетост на царицата. Волкашин имал деспотска титула која му ја дал царот Урош, неговите територии на владеење биле на централното подрачје на денешна македонска држава, меѓу Скопје и Прилеп за период пред средината на 60-тите години од XIV век.
Во каков однос биле царица Елена и Волкашин, дали имало роднинска поврзаност или не, не се знае, сепак К. Аџиевски се води според нумизматичките извори.

Со сигурност е утврдено дека Волкашин и Елена како најистакнати великодостојници во Македонија по смртта на царот Душан ковале заеднички монети што се емитувани во периодот по прогласувањето на Волкашин за крал.[189]

Во североисточна Македонија Волкашин успеал да го наложи своето влијание. Во реонот на Крива Паланка во 60-тите години на XIV век продолжил да управува феудалецот Влатко Паскач кој во периодот помеѓу

[186] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 214
[187] Ibid, str. 213
[188] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 216 Види: J. Tadič, Promet putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik 1939 str. 48-52
[189] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 217 Види: Х. Матанов, Югозападните земи, стр. 80 Р. Михаљчић, Крај српског царства, стр. 86

1358-1366 година добил од царот Урош титула „ севастократор “. Тој ја признал власта на царот, но бил приврзаник на Волкашин.

Во дубровничките документи последен пат Волкашин се споменува без кралска титула во 1364 година, а веќе во јануари 1366 година ја издал во Скопје својата прва кралска грамота. Според византиска титуларна традиција, братот на совладетелот добивал титула деспот, како во овој случај: Јован Углеша добил таква титула.[190]

Дискутабилен е периодот кога Волкашин се издигнал со кралска титула ако земеме во обзир дека од 1358 година Дубровник паднал под власта на Унгарија која не ја признавала царската титула на српскиот владетел. Така Дубровник бил во незавидна ситуација: од една страна бил сизеренот-Унгарија, а од друга страна ја почитувале реалната ситуација во српската држава со која одржувале трговски врски.

Тоа довело до збрка во титулирањето на српскиот владетел , а уште повеќе кога покрај цар Урош се појавувил и крал Волкашин.

Покрај ова внимание заслужува една серија монети на царица Елена и крал Волкашин. На реверсот на тие монети има натпис „крал Волкашин“ или само крал, а на аверсот многу тежок за читање грчки натпис во кој се споменуваат имиња на царица Елена и цар Урош. Познато е дека монети со натпис „крал“ ја претставуваат првата кралска монетарна серија на Волкашин.[191]

Зачуваните заеднички монети на царица Елена и цар Урош датираат од 1356-1360 година кога и двајцата се споменуваат заедно и во другите извори. Потоа Елена се споменува заедно со Волкашин.

На прво место како доказ за совладетелство меѓу цар Урош и Волкашин се земаат заедничките монети на цар Урош и крал Волкашин ковани во Урошева ковница. Според хронолошка класификација, овие монети биле најстари монети на Волкашин (пронајдени се само 5 монети) и покажуваат дека биле пуштени во краток временски период до 1366 година.[192]

---

[190] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 221

[191] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 167 Види: К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 222

[192] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр . 171

Кога веќе дискутирам за монетите на крал Волкашин, да споменам дека кај Иванишевиќ се наведува следново: крал Волкашин имал десет видови на монети кои може да се групираат во три вида.

Прв вид на монети припаѓа на оние монети кои се имитација на венецијанските грошеви кои биле ковани на македонската територија. Исто така на првиот вид на монети стои име на кралица Јелена, неговата жена. На аверсот бил прикажан крал Волкашин како јава на коњ, на реверсот имало шлем со челенка и околен натпис Vrosivs imperator.[193]

Ова најверојатно се заеднички монети на крал Волкашин и цар Урош V во периодот 1365-1367 година. Овој вид е најден во оставите по Македонија во Мариово, Кичево, Селце.[194]

Вториот вид на монети се разликува од предходната: на аверсот стои Исус Христос кој стои на супеданеум. Третиот вид на монети е претставен Исус Христос на супеданеум, односно како седи на трон на аверсот, крал и кралица како меѓу себе држат крст на реверсот.

Една од поголеми типови на монети на кралот Волкашин со поголема застапеност во трговија била монетата на која на аверс стоел Исус Христос, а на реверс повеќереден натпис по пример на цар Душан.[195]

Чинот на совладетелство се покажува и на фрески во црквата „ Св.Никола " во с. Псача, каде се претставени еден покрај друг портретите на цар Урош и крал Волкашин. Урош бил на десната страна, Волкашин од левата страна којашто се совпаѓала со совладетелската идеологија.

К. Јиречек прв посветил внимание на дубровничка архива и укажа на фактот дека во ноември 1366 година во Дубровник било испратено мешано пратеништво на цар Урош и крал Волкашин во врска со плаќање на данокот на српската држава. Тој факт го истакнал како доказ за совладетелски однос меѓу Волкашин и цар Урош. Во една од повелбите на Волкашин 1370 година со која на барање на Дубровничката Република им ги потврдува старите привилегии на

---

[193] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, стр. 143
[194] Ibid, str. 143
[195] Ibid, str. 143

нејзините трговци, се воочува дека цар Урош не е веќе носител на врховната власт, туку само е наведен кралот Волкашин како единствен господар.[196]

Амбициите на кралот Волкашин оделе до таму што од Дубровчаните го побарал светодимитарскиот данок кој го плаќале Дубровчаните на Србите за слободно користење на трговските центри, патишта, царини и слично. Но исходот од ова барање не е познат, иако се гледа политичката амбиција за преземање на целокупната власт во Српското Царство. Со предходно изнесените факти се гледа политичкото влијание на кралот Волкашин, но и негово влијание во економската сфера која била актуелна во тој период посебно со Дубровник.

Секако, зачуваните монети и присутството на дубровничките трговци во Македонија ја потврдуваат стоковопарична врска меѓу Дубровник и самостојни владетели кои биле на денешна македонска територија.

Со победа на Косово поле 1369 година против здружена коалиција крал Волкашин, уште повеќе ја зацврстил својата хегемонија во Македонија. Но им се налутил на Дубровчаните, како што известува Мавро Орбин, поради тоа што верувал дека тие го потикнале царот Урош да крене оружје против него. Дубровчаните се погрижиле да ги поправат влошените односи со кралот Волкашин. Во едно писмо од дубровничката Влада од 20 декември 1369 година кај него ги испратиле пратениците Јакета Соркочевич и Михаил Бобалевиќ со молба да им ги врати старите трговски привилегии иако тоа порано веќе го имал направено цар Урош.[197]

Волкашин им ги потврдил привилегиите на трговците од Дубровник дури по неколку месеци со Повелбата што ја издал на 5 април 1370 година. Пролонгирање на потпишувањето на повелбата значело заладување на односите меѓу Дубровник и кралот Волкашин. Тоа сакал да го потенцира Мавро Орбин и затоа Дубровчаните

---

[196] Monumenta Serbica spectantia historiarum Serbiae, Bosnae, Ragusii, ed. F. Milkosich, Viennae 1858 str. 179-181 Види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 178

[197] К .Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 235 Види: Ј. Тадић, Писма и упутства Дубровачке републике, Књига I, Београд 1935 стр. 201 Р. Михаљчић, Крај српског царства, стр. 124

морале првин да ја појаснат целата ситуација и поврзаноста со коалицијата, да го потврдат поранешното пријателство, па дури тогаш ја добиле бараната повелба.[198]

По Маричка битка, 26.09.1371 година, загинувањето на кралот Волкашин и неговиот брат Углеша, Прилепското Кралство и Серската Држава останале во рацете на синот на Волкашин, кралот Марко. Тој во официјалните дубровнички документи се споменува во мисионерската дејност во Дубровник 1361 година за мировни преговори меѓу српската држава и Дубровник.[199]

Од дубровничките документи се гледа политичката улога и влијанието на кралот Волкашин и неговиот син Марко, кој имал право да располага со депозитот од мајка му и татко му кој се наоѓал во Дубровник. Станува збор за политичката кариера и улога на кралот Марко.[200]

Тадиќ ни укажува преку неколку факти на кој начин Дубровник бил поврзан со семејството на крал Волкашин. Првин наведува дека за српско-унгарската војна 1359 година во мировните преговори бил пратен Марко, син на жупанот Волкашин, подоцна крал. Се работи за 1361 година кога во посета на Дубровник дошол Марко како пратеник од цар Урош.

Покрај мировна дејност Марко го подигнал својот и на неговата мајка сребрен депозит. Дубровчаните му го дозволиле тоа, но не му дозволиле со тие пари да купува нивна стока и да ја носи во Македонија бидејќи сè уште не биле смирени завојуваните страни.

Марко од својот татко ја добил титулата „ млад крал “ како законски наследник на престолот. Марко имал уште тројца браќа: Иваниш, Димитар и Андреаш и повеќе сестри. Кралската титула на Марко всушност била круна на Прилепското Кралство бидејќи Марко се споменува како македонски крал. Од друга страна Твртко I во 1377 година се крунисал за српски крал.[201]

Освен контактите со Марко и Волкашин, Дубровчаните во 90-тите години на XIV век му помогнале на Димитриј, брат на Марко, за да избега во Унгарија, а

---

[198] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 236
[199] D. M. Nicol, The Last Centuries, str. 274
[200] Е. П. Наумов, Сведоштвата од историските извори за Крали Марко ( Во периодот на распаѓањето на Српско-грчкото царство 1356-1371 ) спис. Историја бр.1, Скопје 1983 стр. 130-132
[201] К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 263 Види: С. Ћирковић, Историја средњовековне босанске државе, стр. 135-139

му пружиле и финансиска помош-наследството на Марко да се спаси од Османлиите.

Кралот Марко ковал свои монети со натпис „**вь х(рист)а б(ог)а бл(а)г(о)вюрни краль Марько**“. Може да се заклучи дека монетите биле ковани откако Марко бил прогласен за крал. Досега се евидентирани 33 примероци на монети на кралот Марко и имајќи ја предвид територијата со која владеел и кралската круна, број на неговите монети бил мал.[202]

Тоа нè доведува на размислување дека Марко ковал свои монети во краток временски период, сè до губење на Охрид од неговата држава бидејќи таму се наоѓала неговата ковачница. Според Иванишевиќ, кралот Марко ковал пет вида на монети. Првите четири вида биле по примерот на татко му крал Волкашин, додека петтиот вид бил по пример на заедничка монета на Јован Углеша и Волкашин. Првиот вид на монети биле претставени со Исус Христос на престол и крал кој јава на коњ.

Вториот вид на монети биле со Исус Христос на аверсот како стои на супеданеум, на реверс повеќереден натпис кој претставувал типично ковање на монети за ова поднебје тука и во времето на тешкото раздробје низ кое поминала Македонија. Третиот вид на монети е посебен, се издвојува од другите, претставен е Исус Христос кој седи на престол, крал кој стои и држи скиптар со крст и е единствена таква монета во Македонија.[203]

Кога станува збор за семејството на кралот Марко, ги споменав неговите браќа и тоа дали и тие ја делеле власта со кралот Марко и ковале монети. Во една грамота на Волкашин до Дубровник се споменува Андреаш пред 1371 година, 5 април 1370 година. Од него се сочувани 26 монети, приближно како и на Марко.[204]

Од средствата на Андреаш во 1389 година бил изграден и манастирот „Св.Андреј “ на брегот на реката Треска. Андреаш ковал три вида свои монети со претстава на Исус Христос на аверсот и повеќе реден натпис на реверсот. Ги

---

[202] А. Атанаовски, Македонија во XIV век, стр. 202 Види: К. Аџиевски, Пелагонија во средниот век, стр. 246 К. Јиречек, Историја Срба I, стр. 314
[203] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, стр. 158
[204] Ibid, str. 158

ковал своите монети под директно влијание на татко му Волкашин и брат му Марко. Се смета дека територија со која управувал Андреаш била западна Македонија, долината на реката Треска. Повеќе негови монети се најдени во Кичевската остава.[205]

Според мислењето на повеќе историчари, се смета дека секој од браќата имал свои владенија на македонската територија, а според дубровничките документи, и Димитар се спомнува како „ брат и наследник " на Марко.

Источна Македонија била управувана од Дејанови Константин и Јован, синови на севастократорот Дејан. Во периодот од 1373-1379 година владееле самостојно, пред 1371 биле вазали на крал Волкашин, како и Влатко Паскач, кој владеел со овој дел од Македонија. Деспот Јован Драгаш владеел самостојно во периодот околу 1373 година, а за тоа сведочат дубровничките документи од летото 1373 година. Тоа се документи кои се однесувале на жалби од дубровничките трговци кои поминувале низ земјата на кнежеството на Драгаши. На дубровничките трговци Јуниус Буниќ од 15 јуни 1373 година, како и неговиот сограѓанин Јуниус Соркочевиќ им биле украле пет товари стока во вредност од 270 литри сребро. Кражбата била извршена близу тврдината Коњух во северните делови од Овчеполие, по левиот брег на Крива Река, во земјата на деспотот Јован Драгаш.[206]

Тие сведочења покажуваат дека деспотот Јован Драгаш пред летото 1373 година владеел веќе со таа територија, имал своја администрација и таа област се простирала надвор од земјата на неговиот татко деспотот Дејан која ја опфаќала областа Жеглигово. Овие владеења на овие територии ги потврдува подоцна и византискиот историчар Лаоник Халкокондил.

Во Кичевската остава 1373 година се откриени и десет монети на овој владетел. И други историски извори сведочат од овој период 1373 година дека деспотот Јован Драгаш ја имал власта во североисточна Македонија. Ниту еден извор од првата половина на 70-тите години на XIV век не го споменува заедно со помалиот брат Константин. Јован Драгаш ковал свои монети со претстава на Исус

---

[205] Ibid, str. 158

[206] Х. Матанов, Югозападните бЪлгарски земи през XIV век, София 1986 стр. 116 Види: Р. Михалчић, Крај српског царства, стр. 176 А.Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 218

Христос на аверсот и повеќе реден натпис. Се работи за редок тип на монети кои биле откриени во оставата на Кичево околу 1918 год.[207]

За жал, извори за помалиот син на деспотот Дејан, Константин Драгаш од 70-те години на XIV век, немаат доволно податоци. Монетарната остава во охридската црква „ Св.Софија “, откриена пред 1952 година, ја збогати историската наука, односно најдена е монета со натпис „ **В Христа бога благоверни цар Константин**“.[208]

Од овој натпис С.Димитријевиќ смета дека била кована од Константин Драгаш, околу 1372 година после смртта на цар Урош, кога Константин се прогласил за цар. Според историските извори, се смета дека браќата Драгаши владееле заедно во период на јуни 1374 година и во нивното кнежество влегла и Струмица. Оваа ситуација не останала незабележителна од Дубровчаните. На 7 април 1377 година, Дубровничка Општина известила за трговецот Буниќ да ја проучи можноста за откуп на жито од браќата Драгаши.

Исто така и да им дозволи да го продаваат по бреговите на Егејско Море. Разликата во документите е очевидна од 1373 година и од 1377 година. Во првите се споменува само за деспот Драгаш, владетел на Овче Поле, а останатите документи говорат за браќата Драгаши, како владетели на земји близу морето до кое имале слободна пристапност преку реките Вардар и Струма.

Константин Драгаш ковал свои монети, еден вид на која бил претставен Исус Христос кој седи на престол и со повеќереден натпис, која во потполност се сложува со ковањето на монети во Македонија, примерок од Охрид 1952 година.[209]

Дискусијата околу конкретните владеењаа на браќата Драгаши не е разјаснета до крај, со оглед на фактот дека една грамота во манастирот „ Пантелејмон “ покажува дека во периодот од летото 1374-1375 година браќата биле веќе господари на Струмичко и на земјите северно, источно и северозападно од Струмица. Други извори говорат за фактот дека Константин Драгаш управувал самостојно со Струмичко и околината. Деспотот Јован Драгаш стои како владетел, но не било така во реалниот живот. Изворите од 1374-1377 година сведочат за

[207] В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, стр. 159
[208] Х. Матанов, Югозападните бЬлгарски земи през XIV век, София 1986 стр. 116
[209] Ibid, str. 159

владенијата на Драгашите, чија територија се простирала околу Овче Поле, Штип, Радовиш, Тиквешко, Мелник, Петрич, Дојран, поречието на Црна Река, двата брега од реката Струма.[210]

Драгашите според дубровничките документи морале да имаат добри политички односи со Византија, во тоа време биле актуелни Андроник IV Палеолог, Мануил Палеолог и татко му Јован V Палеолог, кој го дискутирам поради експанзија кон Струмица и кон Егејско Море.

Во времето на самостојно управување на Константин Драгаш, неговото кнежество во Источна Македонија доживеало најголем подем. Постигнал политички подем со признавањето на неговата територија од Византија и османлиска држава. Од 80-тите години на XIV век до 1395 година владетел Константин Драгаш кој ја спроведувал експанзионистичката политика и кнежеството претставувало важен политички фактор на македонската територија.

Следува прашањето до кога владеел самостојно Константин Драгаш, со оглед на фактот дека градот Сер паднал во османлиските раце уште во 1383 година. Еден турски историчар Мехмед Нешри во своето дело „ Огледало на светот " споменува дека Константин Драгаш бил дел од османлиската војска на султанот Мурат I пред 1386 година во поход против Караманското Емиратство во Мала Азија. Најверојатно во истиот временски период кралот Марко и Константин Драгаш станале вазали кај османлиските власти.

Дејанови ја контролирале целокупната трговија во државата. Тие ја контролирале и транзитната трговија од Солун со внатрешноста на Балканот. За тоа сведочи и податокот за кој веќе споменав претходно, за одземената стока на Дубровчанецот Јуние Буниќ 1373 година:

**„...Во земјата на деспотот Драгаш на едно место кое се нарекува тврдина Коњух...Во рамки на нивна територија се наоѓале плодни рамнини богати со жито што тие го извезувале.“** [211]

---

[210] Ibid, str. 119

[211] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 218 Види: С.Новаковић, Законски споменици, стр. 454

Во инструкцијата на Дубровник до Јуние Буниќ-7 април 1377 година стои дека поседите на Дејанови се простирале „**сосема близу Солун, каде што може да биде доставено зрното за потребите на Дубровничката Република**."[212]

Овој податок зборува дека дел од житото Дејанови извезувале во Дубровник. Дејанови го транспортирале житото до пристаниште во Солун,бидејќи внатрешните патишта не биле доволно безбедни, затоа Дубровчаните од Солун ја преземале стоката. Во период на Дејанови продолжила да се експлоатира рудата во Осоговските Планини во Кратово, Саса и Ќустендил. Рудниците биле нивна сопственост. За економска моќ на Дејанови сведочат најдените монети во Кичевската острава . Доминираат монети на Јован Драгаш над монетите на неговите современици.[213]

Но исто така е карактеристично да споменеме дека во кратовскиот крај Дубровчаните имале свои колонии од каде експлоатирале рудни богатства. Поради пријателските и трговските врски кои постоеле меѓу Драгашите и Дубровник се извезувале повеќе разновидни руди за потребите на Дубровчаните: злато, сребро, олово, бакар, железо. Секако, во овој период работела ковачницата за монети во Кратово која била користена од благородниците, а подоцна и од Османлиите.

Оваа острава ги содржи монетите ковани пред и по периодот на Маричка битка. Во Охридската држава, која како самостојна се изделила по смртта на кралот Волкашин, завладеал феудалецот, т.е. жупан Андреј Гропа.

Тој ковал свои монети со словенски натпис, а нивните емисии се идентични со монети на Волкашин, Марко и Андреаш, што нè наведува на помислата дека биле ковани во иста ковачница. Словенското писмо и титула жупан ни укажува дека Гропа припаѓал на благородничка структура, бил под власта на царот Урош и крал Волкашин, Охрид бил важен пункт на Виа Егнација и во трговијата меѓу Истокот и Западот, старо седиште на духовна власт и во државата на Марко имал висока позиција. За моќта на Андреј

---

[212] Ј. Тадић, Писма и упутства Дубровачке Републике, I, Београд 1935 стр. 348 Види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, стр. 214
[213] Ibid, str. 219

Гропа зборуваат голем број најдени монети на овој локален благородник кои биле во употреба во 70-тите години на XIV век по Маричка битка.[214]

Негови монети се најдени по 1918 година во околина на Охрид, Приштина и во оставата во Кичево. Познати се четири вида од неговите монети кои се разликуваат по натпис на реверсот. На аверсот бил претставен Исус Христос кој стои на супеданеум, а во прашање биле монети со мала застапеност.[215]

Развој на трговија имало во времето на владеење на српските владетели во Македонија, особено со Дубровник. Преку дубровничките трговци се носела разновидна стока. Увоз на ткаенини и други текстилни производи судејќи според сочуваните информации бил интезивен во времето на српскиот цар Душан.

Дубровничките трговци набавувале ткаенини од венецијанските трговци во Дубровник или во Венеција и потоа ги носеле низ српските земји. Но исто така доста често Дубровчани им подарувале скапоцени венецијански ткаенини на српските феудалци и владетели.

Дубровник бил транзитен центар во трговија на ткаенини, сите ткаенини и од Запад и од Исток доаѓале до Дубровник. Венецијанските ткаенини стигнувале до Дубровник и биле испраќани кон внатрешноста на Балканот или Левантот. Освен ткаенината од Дубровник, се увезувала и друга стока, уметнички предмети, како накит, сребрени чаши, украсни траки, драгоцени предмети од стакло кое било украсено со сребро.[216]

Многу интересен податок била занаетчиската дејност во Дубровник која привлекувала млади деца, ученици кои заминувале таму и го усовршувале занаетот, посебно изработка на стакло по што муранските мајстори биле најпознати.

Дубровчаните од XIII век ковале свои монети, најпрвин бакарни монети кои имале мала вредност, ковале и сребрени монети, но златници не ковале.
Во употреба повеќе биле странските монети, како златни така и сребрени монети.

Најчесто биле во употреба венецијанските монети, златниот дукат, матапанот и сл., а исто така и византиските перпери, кои биле користени и во трговијата со

214 Ibid, str. 220
215 В. Иванишевић, Новчарство средњовековне Србије, стр. 160
216 Р. Ћук, Извоз свиле, стр. 22

балканските земји. Во приморските краеви на Јадранско Море околу Котор, Будва, далматинските градчиња биле користени бакарни монети кои имале мала вредност. Со златниците најчесто ги отплаќале даноците кон унгарскиот крал и турскиот султан.

До коренити промени во земјоделие, сточарство, рударство и производство на пари дошло откако Османлиите освоиле поголем дел од Балканот. Османлиите ги запоседнале рудничките, занаетчиските и земјоделските центри, наплатувале изнуден данок. Со ваков однос дошло до опаѓање на рудничкото производство, што со текот на времето довело и до нивно изумирање. По некое време почнале да ги даваат под закуп, т.е. наем, што говори за нивната нерентабилност и напуштеност,односно самата цена на закупот го кажува тој факт.

Османлиската власт забранила трговија и извоз на сребро, што до нивното доаѓање на власт се одвивало многу забрзано. Исто така ја прекинале традицијата за слободна трговија на благородни метали. Трговците изгубиле интерес за таквата стока, повторно ставиле акцент на сточарска стока. Ваквиот однос во трговијата и производството допринел континенталните делови на Балканот да заостануваат бидејќи сè повеќе се одалечиле од стоковопаричните односи. Во текот на XVI век внатрешниот дел од Балканот останал парализиран и најнеразвиен дел од територија на Европа.

## 2. ТРГОВСКИТЕ РУТИ НА ДУБРОВЧАНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Според податоците од повелбите на српските владетели, се издвојуваат две категории на патишта-улица и пат (друм). Дали станува збор за помал и поголем пат или за повеќе фреквентна комуникација, како денес што претставува автопатот, сепак од податоците што конкретно ги има во историја едниот термин се поистоветува со другиот. Во појаснувањето на терминот пат се мисли на главна патна мрежа, а не на оној од локален карактер со помала должина. Во повелбата на крал Милутин се споменува од 1302-1309 година пат кај село Зубово во долината на реката Струма, источно од истоимениот панаѓур.

Податокот ни укажува дека село Зубово се наоѓа на правец каде поминувал средновековениот главен пат кој ги спојувал долината на реката Струма со долината на реката Вардар. Тоа важи и за селата Гадимље и Батуша кои се наоѓаат на главен пат кој ги спојува Косово Поле со Качаник и со Скопје. Најчесто за да се направи разлика во повелбите или друга документација стоело „ голем пат " или „мал, краток пат ". Пример, во повелбата на Константин Драгаш за манастирот во Штип, 26.III.1388 година, стои:

**„ до поута великаго кои греде дѣ града и до поута малога."**[217]

Патиштата кои се користеле од Охрид како појдовна точка имале две насоки: едната водела преку Струга-Дебар-Полог-Скопје; втората водела преку Охрид-Дебар-Кичево-Полог-Скопје. Секако, дел од историчарите ( пр.Идриси) сметаат дека патната рута од Охрид кон Полог водела и до Липљан. По тој пат се движела делегацијата од византискиот дворец на Андроник II, кога требало да се договори бракот на ќерка му Симонида со српскиот крал Милутин. Секако дека е јасно дека преку релација Охрид-Струга-долината на реката Дрим се стигнувало до Полог.

Ако појдеме источно од Охрид, се користела следнава рута: преку денешното село Главато (Ѓавато) кај Битола, што е на одалеченост 16-17км од Хераклеа, според Понтигеровска табла нацртана е станица Никеа на 11 римски миљи кон

[217] Г. Шкриванић, Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974 стр. 101

Охрид, тоа е како што споменав 16-17 км од Битола, а најверојатно се мисли на селото Ѓавато.[218]

Од Битола продолжувал патот кон Виа Егнација кон Лерин, Острово, Воден и Солун. Северно од Битола водел патот кон Прилеп и натака кон долината на Вардар. Н. Вулиќ сметал дека рутата одела во овој правец: Битола-Могила-Чепигово-Сополчани-Галичани-Прилеп-Плетвар, јужно кон Вариш спрема долината на Вардар. Исто така, постојат и хипотетички поврзувања на патната мрежа. Дел од тие места денес не постојат или не се познати и нема доволно податоци да се најде патната врската меѓу нив. Се споменува во повелбата на кралот Душан 1337 година за манастир „ Трескавец “ по кој пат се движеле и поминувале покрај селото Галичани. Тоа е всушност денешен пат Битола-Прилеп.

Н. Вулиќ го нацртал патот кој водел од Прилеп-Плетвар-Топлица-долината на Црна Река, од тука кон регионот на Тиквеш, потоа долината на Вардар и Градско (антички град Стоби).

Понатака од Трескавична повелба дознаваме дека од Прилеп северозападно преку Кривогаштани се одело кон Брод, понатака кон Дебар, планина Петра Мале и река Маат до Драч.

Од големо значење бил патот Виа Милитарис кој го поврзувал Белград и Солун, односно Белград со Константинопол. Ние ќе ја разгледаме рутата од Врање кон Скопје по вардарската долина кон Солун. Но има пат кој водел од Врање-Коњарска Река, Старо Нагоричане, Страцин-Славиште-Деве Баир до денешен Ќустендил. Овој пат го користел српскиот крал Стефан III Дечански при реализација на битката кај Велбужд.[219]

Скопје претставувал важен сообраќаен јазол кој ги врзувал патните мрежи од секој правец: од приморските градови, од Косово, со вардарската долина, до Солун, со езерата во Македонија.

Од Штип еден пат водел кон југоисток преку Радовиш кон Струмица, по долината на реката Струма кон Сер (Византија). Друг пат водел од река Крива Лакавица во долината на реката Вардар и оттаму за Солун. Од Понтигерова табла

---

[218] Ibid, str. 78
[219] Ibid, str. 96

се види дека постоел и антички пат кој водел од Штип кон Велес. Важен е податокот за безбедноста на патиштата и нивната фреквентност, што се однесува и на тврдината Просек која ја штитела долината на Вардар. Од Штип воделе два пата: еден на север по текот на реката Лакавица кон Славиште, другиот кон исток преку реката Брегалница кон Царево Село (Делчево), во долината на реката Струма.

И двата пата воделе кон таканаречениот „ Константинополски пат “ преку Средец, Ихтиман, Пловдив до Константинопол.

Патот кон север водел по долината на реката Брегалница кон устието на Злетовска Река. Од таму еден крак се одвојувал кон Царево Село, друг за Злетово, северно од Штип.[220]

На крај заклучуваме дека еден од поважните патишта (магистрали) водел од Скопје преку вардарската долина кон Велес кон Градско (Стоби), потоа кон Просек (Демир Капија), кон Гевгелија до Солун. На оваа магистрала се приклучуваат и сите горенаведени патни мрежи кои и од исток и од запад имале за цел да ја развијат трговијата и сообраќајната мрежа.

Од Солун кон приморските земји и Белград најчесто се користеле овие патни мрежи кои им овозможувале на луѓето слободно да патуваат и да се движат низ византиски, односно српски земји. Патот од Прилеп, Струмица и Штип водел кон вардарската долина и се приклучувал кон големиот пат кој водел кон Солун, еден од поголемите приморски центри во Византија.

По долината на реката Ибар постоел римски пат кој водел до Скопје, од територија на денешен Липљан кон Качаник и Скопје.

Шкриваниќ во своето образложување споменува дека тоа биле најважните патни точки низ кои поминувале трговците, војската, освојувачите и други. Посебно ги тресирал патните мрежи од античкиот период преку Скопје на север кон Косово, Липљан по вардарската долина кон Прилеп, Охрид, Леш, Кроја кон јужна Албанија или од Штип кон Софија, Пловдив кон Константинопол.

Македонска територија претставувала значајна крстосница во период на експанзија на српската и османлиската држава.

---

[220] Ibid, str. 101

ЗАКЛУЧОК

Венеција имала голема моќ и политичко влијание на територија на Балканот, посебно кон Византија. Нејзина експанзија продолжила и во текот на XIV век да се реализира преку политички успеси, посебно граѓанските војни во Византија.

Придобивајќи го византискиот цар Јован V Палеолог и манипулирајќи со него, си ги исполнила своите територијални планови, се задржала најдолго што можела на пристаништата, трговските центри и колонии. Максимално ги исцрпувала царинските каси околу пристаништата, се богатела сè до доаѓањето на Османлиите на Балканот.

Венеција го поседувала и Дубровник кој важел за транзитна зона меѓу Венеција и балканските земји, Српското Царство, Византија и Бугарија. Со тоа Дубровник имал мошне изразено влијание на македонската територија преку своите колонии кои ги имале дубровничките трговци.

Ситуацијата била влошена откако се смениле владејачките позиции. Унгарија настапила на политичката сцена на Балканот. Венеција се нашла во безизлезна ситуација и на политички и на економски план. Затоа го искористила слабиот политички состав на византиска држава и се наметнала најмногу што можела приграбувајќи сè што им останало на Византијците за да не им го земат Ценовјаните.

Политичкото и економското присутство на Венеција и Дубровник било изразено преку многубројни дипломатски врски, преговори, политички интереси склучени во еден момент со Византија, во друг момент со српската држава или пак Прилепско Кралство.

Македонија како територија влегувала во состав на Византија од времето на српскиот крал Милутин, дел од македонски територии се нашле во рамки на српската држава. Во времето на српскиот цар Душан цела денешна македонска територија се нашла во состав на српското царство.

Во период на владеење на крал Волкашин, Прилепско Кралство било моќна држава сè до 1371 година, во чиј состав влегувале поголем дел од македонските територии.

Венеција и Дубровник умешно ги искористиле неповолните политички случувања и секој пат се здружувале со државата од која можеле да имаат полза.

Дубровчаните со сите феудалци кои имале свои владеења во српското царство се труделе да воспостават дипломатски односи за да ги задржат трговските привилегии што ги имале во времето на цар Душан.

Тоа укажува на фактот дека моќните Венеција и Дубровник ги имале трговските центри во Македонија под своја контрола.

Појавата на Османлиите не ги поколебала интересите на Венеција кон своите колонии на Балканот, Егејско Море и Блискиот Исток. Таа се обидела и понатаму да ги задржи своите привилегии и богатства кои ги црпела од некогашната Римска Империја. Ако на сево ова направиме едно резиме, ќе видиме дека навистина Венеција тежнеела да господари со овие територии на Балканот и околу Егејското Море за да ги контролира политичките и економските сличувања на Блискиот Исток.

Таа господари од периодот кога беше економска сила во Европа по 4-тиот крстоносен поход 1202-1204 година, сè до 1358 година кога загуби поголем дел од јадранското приморје и се најде во директен судир со Унгарија, но имаше проблем со Ценова која имала свои колонии во предел на Мореузите, Мраморно Море, Црно Море. Венецијанска Република го имаше приматот до 1358 година од севкупна територија која ја поседувала, колониите, царинските такси, размена на стоки, изнајмување на галии и сл. Се збогатува и својата економска моќ ја наметнала на сите, а на Дубровчаните им било најтешко бидејќи имале исти претензии во политичка и економска сфера.

Дубровник зајакна и стекна поголема самодоверба и амбиција за трговска експанзија токму со нивното поминување под унгарска власт. Со слабеење на Венеција и попуштање во односот на трговските правила кон Дубровник, сакала повторно да ги придобие. Тие одржувале миролубив однос со Венеција, но имало ситуации кога и војувале против нив, посебно кога Унгарското Кралство заедно со Ценова стапувало во војна со Венеција.

Во периодот од крајот на XIII век и почеток на XIV век територија на Македонија била во поголем дел под византиска власт. Но со доаѓањето на

српскиот крал Милутин, српската држава почнала да се шири кон југ, а со тоа ги загрозила директно територијалните интереси на Византија. Дошло до отворен судир меѓу српската и византиската воена сила бидејќи византиски цар Андроник II сфатил дека не може да се избори до крај со српскиот крал, па решил ситуацијата да ја промени во своја полза- ја понудил на крал Милутин неговата сестра за жена. Но бидејќи сестра му Евдокија ја одбила понудата, византискиот цар морал да ја даде својата осумгодишна ќерка Симонида за жена на српскиот владетел.

Самата церемонија се извела на брегот на реката Вардар, 1299 година, покрај византискиот дипломат Теодор Метохит и меѓу заложниците кои требало да бидат разменети меѓу двете страни била и кралицата Ана, жена на крал Милутин. Бил договорен бракот и било одлучено по 12 години да се случи вистински брачен живот меѓу сопружниците. Сета оваа ситуација ја издиктирала политиката во тој период во Византија, дарувајќи му ги на крал Милутин освоените територии во Македонија како мираз и обелувајќи го образот пред византиските благородници.

Ова во своја полза го користела Венеција, како и останатите западноевропски земји кои имале освојувачки планови кон Византија. Оттука излегува и договорот со Карло Валоа, 1308 година, кој претендирал да го добие на своја страна кралот Милутин и со тоа да има воена помош во евентуално напаѓање кон Византија и освојување на Константинопол. Но овој обид за уништување на Византија не бил успешен. Кралот Милутин и понатаму останал во добри односи кон Византија. Неговиот наследник Стефан Дечански во текот на граѓанската војна која избувнала во Византија ќе го заштити токму византискиот цар Андроник II кој ја загубил војната во полза на неговиот внук Андроник III. Стефан Дечански ги задржал српските територии на јужната граница и успеал да ја победи Бугарија во Велбуждска битка 1330 година. Со тоа Бугарија веќе не претставувала опасност и конкуренција за ниедна балканска држава. Во овој период Венеција и Дубровник постојано биле присутни во политички и економски живот на Византија, но и во српската држава.

Посебно во времето на владеење на српскиот крал, односно цар Стефан Душан кој ја претвори Србија во царство, најмоќна држава на Балканот. Во тој временски период Венеција ја искористувала напнатата политичка ситуација во

Византија, како и граѓанската војна по 1341 година наметнувајќи ја својата помош како неопходна и грабајќи територии кои сè уште биле под византиска сопственост, а посебно алудирала на островот Тенедос. Дури во оваа војна Ана Савојска, мајката на византиски цар Јован V Палеолог, го заложила севкупниот царски накит во Венеција за да ја добие бараната финансиска помош. Византија секојдневно тонела во долгови кон Венецијанска Република.

Во меѓувреме избувнала војна меѓу Венеција и Џенова во која Византија била вовлечена не по своја вина, туку од овие две приморски држави кои постојано се конфронтирале меѓу себе и ја користеле слабоста на византиска држава.
По долгите преговори и убедувања византискиот цар Јован V Палеолог дури заминал и на Запад да ги убеди владетелите и папата за сериозноста на ситуацијата и навлегувањето на Османлиите на европска територија.
Унгарското Кралство, Католичката црква, како и Венеција не биле заинтересирани за случувањата на Истокот.

Воопшто византискиот цар не бил испочитуван како владетел, да не зборуваме за внатрешните проблеми кои се случиле во неговото отсутство. Односот на син му Андроник IV, преземање на византискиот престол, заробување на Јован V кај Видин и интервенцијата на неговиот роднина Амадео Савојски, сите овие политички збиднувања ја потресувале внатрешноста на византиската држава. Тоа го искористиле Османлиите, Венеција, папата за да го убеди Јован V на склопување црковна унија и помирување на двете цркви. Дошло до тој чин, но црквата не го прифатила фактот дека само византискиот цар ја прифатил католичката вера, требало согласност од севкупниот политичка и свештеничка фела. По неуспешен обид да ги убеди западните европски земји, недоразбирањето со Венеција, интервенција на син му Мануел II, царот бил спасен и вратен во Константинопол. Венецијанците се налутиле затоа што Јован V им го ветил островот Тенедос да им го даде во замена за царскиот накит, галии, како и финансиски средства. Но син му кој ја имал власта во свои раце -Андроник IV им го ветил островот на Џеновјаните.

Ваквиот политички сплет на настани не помогнал на никого освен на Османлиите кои веќе се населиле на европска територија доаѓајќи и освојувајќи го

Едрене. Во меѓувреме и српската држава ослабнала и се расцепкала на повеќе феудални самостојни држави по смртта на српскиот цар Душан 1355 година.

Самостојните државички бидејќи постојано војувале меѓу себе, биле лесен плен на Османлиите. Разединетоста на Балканот ја искористиле и Дубровчаните за добивање на трговските привилегии меѓу локалните феудалци, основање на колонии, земање под концесии имоти, земјоделски обработливи површини, рударски окна, лозови насади. Исто тоа го правеле и Венецијанците кои се стремеле и во последните мигови на опстојување да и го приграбат на Византија и тоа малку што и останало под нејзина власт.

По одигрување на Маричка битка 1371 година, византискиот цар немал друг избор , па го прифатил вазалниот однос кон османлиската власт.
Османлиите навлегле на територија на некогашна Тракија и почнале полека со победата кај р. Марица да ги отвораат вратите кон внатрешноста на Балканот.

Набргу во 80-тите години на XIV век Османлиите успеале да ги потчинат под своја власт поголемите градови во југоисточна Македонија, а со тоа претставувале сериозна опасност за западните европски држави. Самите локални феудалци станувале вазали на султанот за да можат нивните држави да егзистираат.
Таков случај бил со крал Марко, Константин Драгаш, Стефан Лазаревиќ, Балшите, па дури и Дубровник.

По битката на Косово 1389 година загинал султанот Мурат I и нов султан станал Бајазид I, кој предизвикал потешкотии на Балканот.
Под власта на Бајазид I стапила и Византија, т.е. новоизбраниот византиски цар Мануил II, синот на Јован V Палеолог. Обидот за уште еден крстоносен поход не успеал, султанот ги разбил здружените војски кај Никопол (Бугарија) во 1396 година, предводени од унгарскиот крал Сигизмунд Луксембуршки.
Венеција била во тешка положба поради наметнување на османлиската власт во приморските делови на јадранското крајбрежје, губење на колонии, трговски центри, пристаништа.
На ист начин и Дубровник ја почуствувал загубата на привилегиите и слободата кои ги имал во времето на Византија и Српското Царство.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА

А) ИЗВОРИ


1.Византијски извори за историју народа Југославије, Т.VI, Београд 1986.

2.Динић М., Одлуке Већа Дубровачке Републике I, II, Београд 1951,1964.

3.Законски споменици српских држава средњег века, изд.С.Новаковић, Београд 1912.

4.Ивановић М. К., Прилози за историју царина у средњовековним српским државама, Споменик САН XCVII, 1948.

5.Илиевска К., За Теодор Метохит и неговиот извештај за дипломатската мисија во Србија. Грчки текст според изд.на K.Sathas, со превод од П.Хр.Илиевски. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том II, Скопје 1977, 258(259)-306(307).

6.Ljubič S., Listine o odnošajih između južnog slavenstva i Mletačke Republike I-IV, Zagreb 1868,1870,1872,1874.

7.Makušev V.-Šufflay M., Isprave za odnošaji Dubrovnika prema Veneciji, Starine 30, 1902.

8.Monumenta Ragusina, Libri reformationum I-V, ed.J.Gelchich, Zagrebiae 1879-1897.

9.Monumenta Serbica spectantiam historiam Serbiae, Bosnae Ragusii, ed. F. Miklosich, Vienna 1858.

10.Мошин В., Крал Милутин според неговата биографија од ДанилоII, неговото „Житие по свиток“ и неговата автобиографија, текстови. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том II, Скопје 1977.

11.Мошин В., Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа за поделба на Византиска Македонија. Текст според изд. на L. Mavromatis, со превод на македонски јазик од Л. Славева. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија. Том II, Скопје 1977.

12.Peterković M., Statut carinarnice grada Dubrovnika. Dubrovački zakoni I uredbe I, Beograd 1936.

13.Радонић J., Дубровачка акта и повеље I/I, Београд 1934.

14.Restii J., Chronica Regusina ...item Joannis Gundule, ed. S. Nodilo, Zagreb 1893.
15.Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, Том I, Скопје 1975.
16.Стојановић Љ., Старе српске повеље и писма I/I, Београд-Ср.Карловци 1929.
17.Тадић Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, Београд 1935.
18.Ћирковић С., Повеља Краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијих српских владара,
Стари Српски Архив (Споменица професора Милоша Благојевића) Књига 4 (2005), ГрафоМарк, Лакташи 2005.
19.Хан В., Архивска грађа о стаклу и стакларству у Дубровнику (XIV-XVI век), Београд 1979.

Б) ЛИТЕРАТУРА

1.Атанасовски А., Македонија во XIV век, Напредок, Тетово 2009.
2.Аџиевски К., Пелагонија во средниот век ( од доселување на Словените до паѓањето под турска власт ), Скопје 1994.
3. Божилов И., Гюзелев В., История на средновековна България VII-XIV век, Том I, Анубис, София 1999.
4.Божић И., Неверство Вука Бранковића, О кнезу Лазару. Научни скуп у Крушевцу 1971, Београд 1975.
5.Бубало Ђ., Писана реч у српском средњем веку, Стубови културе, Београд 2009.
6.Бубало Ђ., Душанов законик, Завод за уџбенике, Београд 2010.
7.Voje I., Kreditna trgovina u srednjovekovnom Dubrovniku, Sarajevo 1976.
8.Динић М., Крстати грошеви, Зборник РВИ 1, 1952.
9.Динић М., За хронологију Душанових освајања византијских градова, Зборник РВИ 4, 1956.
10.Иванишевић В., Новчарство средњовековне Србије, Стубови културе, Београд 2001.
11.Историја српског народа, Прва књига (Од најстаријих времена до Маричке битке 1371г.), Београд 1981.
12.Историја српског народа, Друга књига ( Доба борби за очување и обнову државе (1371-1537), Београд 1982.
13.Јиречек К., Историја Срба I, II, Београд 1952.
14.Klaić N., Povijest Hrvata u razvijenom srednjem vijeku, Zagreb 1976.
15.Кнежевић Д. Д., Тканине у привреди средњовековног Дубровника, Београд 1982.
16.Крекић Б., Дубровник и Левант (1280-1460), Београд 1956.
17.Крекић Б., Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), Зборник РВИ 5, 1958.
18.Крекић Б., Млеци и унутрашњост Балкана у четрнаестом веку, Зборник РВИ 21, 1982.
19.Крекић Б., О рату Дубровника и Србије 1327-1328, Зборник РВИ 11, 1968.
20.Крекић Б., Зашто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србије 1301-1302?, Зборник РВИ 17, 1976.

21.Kunčević L., Dubrovačka slika Venecije i venecijanska slika Dubrovnika u ranom novom vijeku, Anali Dubrovnik 50 (2012): 9-37.
22.Kunčević L., O dubrovačkoj libertas u kasnom sredjem vijeku, Anali Dubrovnik 46 (2008): 9-64.
23.Luzzato G., Ekonomska povijest Italije, Zagreb 1960.
24.Манкен И., Дубровачки патрицијат у XIV веку, Београд 1960.
25.Матанов Х., Югозападните бЪлгарски земи през XIV век, Наука и изкуство, София 1986.
26.Михаљчић Р., Крај Српског Царства, Београд 1975.
27.Наумов Е., Сведоштва од историските извори за Крали Марко (Во период на распаѓањето на Српско-грчкото царство: 1356-1371) спис. Историја, бр.1, Скопје 1983.
28.Недељковић Љ., Млетачка интервенција против рашког динара у XIII и XIV веку, Зборник Народног музеја VI, 1970.
29.Nicol M. D., The last centuries of Byzantium 1261-1453, second edition, Cambridge university Press, 1999.
30.Ortalli G., Mletci i Konstantinopol: latinski bizantinizam, Anali Dubrovnik 42 (2004): 9-20.
31.Острогорски Г., Историја на Византија, Скопје 1992.
32.Петровски Б., Историја на балканските земји во XIV-XV век, Скопје 2010.
33.Popović M., New insights into the history of Balkan fairs in the historical region of Macedonia (13 th-14 th centuries) Bulgaria Mediaevalis, volume 2/2011.
34.Radić R., Jovan V Paleolog (1332-1391), Beograd 1970 i 1993.
35.Tadič J., Promet putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik 1939.
36.Ћирковић С., Историја средњовековне босанске државе, Београд 1964.
37.Ћоровић В., Историја Срба, Београд 2010.
38.Ћук Р., Србија и Венеција у XIII и XIV веку, Београд 1986.
39.Ћук Р., Извоз свиле из Дубровника у Венецију у XIV веку, Историјски часопис XXVIII, 1981.
40.Foretić V., Povijest Dubrovnika do 1808, Zagreb 1980.
41.Фрајденберг М., Далматинците во балканската трговија од XIV до XVI век, Историја, XX/2, Скопје 1984.
42.Чремошник Г., Развој српског новчарства до краља Милутина, Београд 1933.
43.Чремошник Г., Увозна трговина Србије године 1282 и 1283, Споменик СКАLXII, 1925.

44.Шкриванић Г., Путеви у средњовековној Србији, Београд 1974.
45.Šundrica Z., Stonski rat u XIV stoljeća (1333-1399), Pelješki zbornik 2, 1980.

СОДРЖИНА

ВОВЕД ....................................................................................................................2

Глава I

ПОЛИТИЧКИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА ВЕНЕЦИЈАНСКО И ДУБРОВНИЧКО ПРИСУТСТВО:

МАКЕДОНИЈА КОН КРАЈОТ НА XIII И ПОЧЕТОКОТ НА XIV ВЕК..............6

Глава II

ПОЛИТИЧКО ПРИСУТСТВО НА ВЕНЕЦИЈА ВО МАКЕДОНИЈА ВИДЕНО НИЗ ПРИЗМАТА НА ВЕНЕЦИЈАНСКО-ВИЗАНТИСКИТЕ И ВЕНЕЦИЈАНСКО-СРПСКИТЕ ОДНОСИ..........................................................................................16

Глава III

ЕКОНОМСКИ ВРСКИ МЕЃУ ВЕНЕЦИЈА И МАКЕДОНИЈА...............................39

Глава IV

ПОЛИТИЧКО ПРИСУТСТВО НА ДУБРОВНИК ВО МАКЕДОНИЈА..................49

Глава V

ЕКОНОМСКИ ВРСКИ МЕЃУ ДУБРОВНИК И МАКЕДОНИЈА.........................67

1.Употребата на дубровничките монети и монети на локални феудалци во Македонија во XIV век.......................................................................................67

2.Трговските рути на Дубровчаните во Македонија..........................................89

ЗАКЛУЧОК..............................................................................................................92

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА......................................................................................97

Извори......................................................................................................................97

Литература...............................................................................................................99

СОДРЖИНА...........................................................................................................102